-Геодетска подлога со вцртана водоводна линија на соодветниот опфат.

Со почит,


Makedonski Telekom CA, Davor Stojmilov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Davor Stojmilov
Date: 2021.04.21 09:26:44 +02'00'

Кочани
21.04.2021 год.

КЈП Водовод-Кочани



ПРОСТОРЕН РАСПОРЕД НА ОБЕКТИТЕ ОД ГЕОТЕРМАЛНИОТ СИСТЕМ "ГЕОТЕРМА"
ЛЕГЕНДА
1. Оранжерии "ДОБРА"
2. Оранжерии "Зелена кука"
3. Експлоатациона бунар ЕБМП-1
4. Експлоатациона бунар ЕБ-2
5. Експлоатациона бунар ЕБ-3
6. Експлоатациона бунар ЕБ-4
7. Експлоатациони бунар Д-1
8. Реинекциона бунар П-10
9. Реинекциони бунар ЗД-2
10. Филтер станица
11. Дистрибутивна пумпна станица
12. Дистрибутивен цевковод
13. Реинекциона пумпа и станица
14. Реинекционен цевковод до П-10
15. Реинекционен цевковод до ЗД-2
16. Полициница "Аква Вита"
17. Топлозменувачка станица
18. Пластеници "Томато лидер"
19. Пластеници " Венко Зашев "
20. Пластеници "Кипш"
21. Основен суд
22. ОУ "Кирил и Методиј" и СОУ "Јупчо Сантов"
23. ОУ "Никола Карев"
24. КЈП "Водовод" (Стопански двор)
25. Хипотерм
26. Тиролбс
Vinička v.
G.Podlog
Kukudina
Trkanje
Trkanjsko pole
Trkanska pole
D.Podlog
Vladičko pole
Jam breg
Trglo
Obelsevo
Ranja


ВОЛОЧЕК
ВЕЛ КАМЕН
ЈАНАВЦИ
СРЕДНА ВАДА
СРЕВОРЕК

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање



Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIJA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Арх.бр/Nr.Arh.11-1818 /4
Дата/Data 14. 04. 2021

ДО /DERI TE: Идеа-Консалтинг доел-Струмица
Ул. "Браќа Миладинови" бр.41
2400 Струмица

ПРЕДМЕТ / LËNDA:Известување

Почитувани,
Të nderuar

Во врска со Вашето барање со 03-67/1 од 24.03.2021 за доставување на податоци и информации потребни во постапката за изменување и дополнување на урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи м.в Ќерамидница КО Кочани за блок број 1, општина Кочани, Ве известуваме за следното:

Од увидот во доставената техничка документација (дадена во електронска форма), и прибавените податоци и информации од Служба за просторен и информативен систем, при Министерството за животна средина и просторно планирање е утврдено дека предметната локација е надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија, а притоа опфаќа дел од Кочанска река.

Од тие причини, при изготвување на проектната документација, од аспект на заштита на водите, а во согласност со Законот за води (Сл. Весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorudica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци,односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци и кај езеро и акумулации, во ширина од 50 метра од линијата на највисокиот утврден водостој.

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот;
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечки или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12)за чие спроведување е одговорно Министерство за транспорт и врски, каде единиците на локалната самоуправа како и одговорниот субјект кој управува со постојната инфраструктура се одговорни да водат евиденција и да воспостават регистар на подземната инфраструктура на нивното подрачје.

По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р.Македонија.

Воедно, Ве известуваме дека согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Со почит,
Me respekt,

в.д.Директор на Управа за животна средина
u.d.Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor
HISEN XHEMAILI

Изработил/Përpiloi:EgzonAdemi
Контролирал/Kontrolloi: Мелита Гочевска
Одобрил/Aprovoi: Ylber Mirta

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АД Водостопанство на РСМ-Скопје

ул. 3^та Македонска бригада бр.10^а Скопје тел. 02/3161-168;02/ 3223-772
vsm.rm @hotmail.com jpvodostopanstvo@yahoo.com /advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост
Бр. 1103-747/3
31.03 2021 год.
СКОПЈЕ

До: ИДЕА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ - Струмица
Ул.Брака Миладинови бр. 41 2400 Струмица

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 03-66/1 од 24.03.2021 и наш бр.747 од 25.03.2021

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Во врска Вашето барање бр. 03-66/1 и наш бр. 747, за издавање на податоци и информации кои се во надлежност на АД Водостопанство на РСМ, а имаат влијание во постапката за изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница" КО Кочани, за блок бр.1, Општина Кочани,

Ве известуваме:

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје на планскиот опфат за изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница" КО Кочани, за блок бр.1, Општина Кочани, нема свои објекти и инфраструктура.

Изработил: Марјан Дојчиновски
Контролирал: Слободан Дојчинов
Одобрил: Коста Малјарков

АД Водостопанство на РСМ Скопје
Главен извршен директор
Васко Стефанов

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел • Факс
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Број : 22- 1242/2
04.05.2021 год.
Кочани

До
ИДЕА – КОНСАЛТИНГ ДОЕЛ - Струмица

ПРЕДМЕТ: Податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање Мислење за изработка на Изменување и дополнување на УПВНМ за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "ЌЕРАМИДНИЦА" КО КОЧАНИ, за Блок број 1, Општина Кочани,

Ве известуваме дека парцелите: ГП 1.3; ГП 1.7; ГП 1.8; ГП 1.9; ГП 1.10; ГП 2.1 и ГП 2.2 од Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски прозиводи, локалитет м.в "ЌЕРАМИДНИЦА" КО Кочани, се градежно земјиште кое е отуѓено од страна на општината. За наведените градежни парцели да не се менуваат бројот на градежните парцели, нумеричките податоци како и графичките прикази, односно да се задржат согласно важечкиот план.

За парцелите ГП 1.3; ГП 1.9; ГП 1.7; ГП 1.8; ГП 1.10; ГП 2.1; ГП 2.2 се одобрени архитектонско урбанистички проекти.

Низ дел од предметниот опфат минува траса на одобрен проект за линиски инфраструктурен објект за Одвојување на атмосферска од фекална канализација, чиј опфат е во прилог на овој допис.

Изработил:
Ружица Минова
Ruzhica Minova Digitally signed by Ruzhica Minova Date: 2021.05.05 07:44:03 +02'00'

Општина Кочани,
по овластување на Градоначалникот
бр.08-8/5 од 10.06.2019год.
Помошник раководител на сектор за урбанизам,
заштита на животна средина и комунални работи
Марија Салтирова Јовановска

Marija Saltirova Jovanovska Digitally signed by Marija Saltirova Jovanovska Date: 2021.05.05 08:15:05 +02'00'

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина КОЧАНИ
Бр. Уп1 бр.22-64
05.02.2014 год.
КОЧАНИ

Градоначалникот на Општина КОЧАНИ - КОЧАНИ, решавајќи по барањето на инвеститорот Општина Кочани од Кочани, поднесено под број Уп1 бр.22-64 од 22.01.2014 година, за издавање на Одобрение за градење на дел од линиски ифраструктурен објект - Одвојување на атмисферска од фекална канализација за централниот дел од градот Кочани – Општина Кочани, од Втора категорија, врз основа на член 58, став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13 и 163/13), а во врска со член 205, став (1) и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Р.М." бр. 38/05, 110/08 и 51/11), го издава следното:

Одобрение за градење

На инвеститорот Општина Кочани од Кочани, му се одобрува изградба на на дел од линиски ифраструктурен објект - Одвојување на атмисферска од фекална канализација за централниот дел од градот Кочани – Општина Кочани од Втора категорија, во Град Кочани во Општина КОЧАНИ (или КП бр.16703 КО Кочани, КП бр.16701 КО Кочани, КП бр.16704 КО Кочани, КП бр.16901/1 КО Кочани, КП бр.16900 КО Кочани, КП бр.16772 КО Кочани, КП бр.16898 КО Кочани, КП бр.16696 КО Кочани, КП бр.16693/8 КО Кочани, КП бр.16693/11 КО Кочани, КП бр.16382/2 КО Кочани, КП бр.16455/1 КО Кочани, КП бр.16844 КО Кочани, КП бр.16127 КО Кочани, КП бр.16845/1 КО Кочани, КП бр.15662 КО Кочани, КП бр.15641/1 КО Кочани, КП бр.13008/9 КО Кочани, КП бр.13008/1 КО Кочани, КП бр.13008/10 КО Кочани, КП бр.13026/1 КО Кочани, КП бр.13000 КО Кочани, КП бр.12934 КО Кочани, КП бр.16842 КО Кочани, КП бр.16839 КО Кочани, КП бр.12722/1 КО Кочани, КП бр.16838/1 КО Кочани, КП бр.12687/1 КО Кочани, КП бр.12673 КО Кочани, КП бр.12672 КО Кочани, КП бр.12671/1 КО Кочани, КП бр.16840 КО Кочани, КП бр.12763 КО Кочани, КП бр.12792/1 КО Кочани, КП бр.12793/4 КО Кочани, КП бр.12792/3 КО Кочани, КП бр.12745/3 КО Кочани, КП бр.16891/1 КО Кочани, КП бр.16904 КО Кочани, КП бр.16833/1 КО Кочани, КП бр.16852 КО Кочани, КП бр.16784/1 КО Кочани, КП бр.16792 КО Кочани, КП бр.16776/1 КО Кочани, КП бр.16759/1 КО Кочани, КП бр.11793 КО Кочани, КП бр.16827 КО Кочани, КП бр.16832 КО Кочани, КП бр.16864 КО Кочани, КП бр.16863 КО Кочани, КП бр.16862 КО Кочани, КП бр.16908 КО Кочани, КП бр.14302 КО Кочани, КП бр.16859 КО Кочани, КП бр.13264 КО Кочани, КП бр.16857 КО Кочани).

Одобрението за градење се издава за дел од линиски ифраструктурен објект - Одвојување на атмисферска од фекална канализација за централниот дел од градот Кочани – Општина Кочани.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот Општина Кочани, со седиште на ул.„Раде Кратовче"бр.1 во Кочани, поднесе барање бр. Уп1 бр.22-64 од 22.01.2014 година, за издавање на Одобрение за градење на дел од линиски ифраструктурен објект - Одвојување на атмисферска од фекална канализација за централниот дел од градот Кочани – Општина Кочани, од Втора категорија, во Град Кочани во Општина КОЧАНИ (или КП бр.16703 КО Кочани, КП бр.16701 КО Кочани, КП бр.16704 КО Кочани, КП бр.16901/1 КО Кочани, КП бр.16900 КО Кочани, КП бр.16772 КО Кочани, КП бр.16898 КО Кочани, КП бр.16696 КО Кочани, КП бр.16693/8 КО Кочани, КП бр.16693/11 КО Кочани, КП бр.16382/2 КО Кочани, КП бр.16455/1 КО Кочани, КП бр.16844 КО Кочани, КП бр.16127 КО Кочани, КП бр.16845/1 КО Кочани, КП бр.15662 КО Кочани, КП бр.15641/1 КО Кочани, КП бр.13008/9 КО Кочани, КП бр.13008/1 КО Кочани, КП бр.13008/10 КО Кочани, КП бр.13026/1 КО Кочани, КП бр.13000 КО Кочани, КП бр.12934 КО Кочани, КП бр.16842 КО Кочани, КП бр.16839 КО Кочани, КП бр.12722/1 КО Кочани, КП бр.16838/1 КО Кочани, КП бр.12687/1 КО Кочани, КП бр.12673 КО Кочани, КП бр.12672 КО Кочани, КП бр.12671/1 КО Кочани, КП бр.16840 КО Кочани, КП бр.12763 КО Кочани, КП бр.12792/1 КО Кочани, КП бр.12793/4 КО Кочани, КП бр.12792/3 КО Кочани, КП бр.12745/3 КО Кочани, КП бр.16891/1 КО Кочани, КП бр.16904 КО Кочани, КП бр.16833/1 КО Кочани, КП бр.16852 КО Кочани, КП бр.16784/1 КО Кочани, КП бр.16792 КО Кочани, КП бр.16776/1 КО Кочани, КП бр.16759/1 КО Кочани, КП бр.11793 КО Кочани, КП бр.16827 КО Кочани, КП бр.16832 КО Кочани, КП бр.16864 КО Кочани, КП бр.16863 КО Кочани, КП бр.16862 КО Кочани, КП бр.16908 КО Кочани, КП бр.14302 КО Кочани, КП бр.16859 КО Кочани, КП бр.13264 КО Кочани, КП бр.16857 КО Кочани).

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Проект за инфраструктура со техн. бр.08/13 изработен од ДППИ „ПРОСТОР" ДОО Куманово, заверен од Општина Кочани со Уп1 бр.22-492 од 08.11.2013,

2. Основен проект со техн. бр. 37/2012 од февруари 2013год. изработен од ТДПИК „ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ"ДОО Скопје,

3. Ревизија на Основниот проект со техн. бр.330-04-13 од април 2013год. извршена од ГИ„Македонија"АД Скопје,

4. Доказ за право на градење (имотен лист со запишано право на сопственост) – Имотен лист бр.**16346** за КО **Кочани** издаден под бр.**1105-414/2014** од **16.01.2014**год. од Агенцијата за катастар на недвижности Одделение за катастар на недвижности Кочани и бр.**37-163/1** од **16.01.2014**год. на Општина Кочани, Имотен лист бр.**1** за КО **Кочани** издаден под бр.**1105-357/2014** од **15.01.2014**год. од Агенцијата за катастар на недвижности Одделение за катастар на недвижности Кочани и бр.**37-163/2** од **16.01.2014**год. на Општина Кочани, Имотен лист бр.**2** за КО **Кочани** издаден под бр.**1105-355/2014** од **15.01.2014**год. од Агенцијата за катастар на недвижности Одделение за катастар на недвижности Кочани и бр.**37-163/3** од **16.01.2014**год. на Општина Кочани, Имотен лист бр.**3** за КО **Кочани** издаден под бр.**1105-418/2014** од **16.01.2014**год. од Агенцијата за катастар на недвижности Одделение за катастар на недвижности Кочани и бр.**37-163/5** од **16.01.2014**год. на Општина Кочани, Имотен лист бр.**5** за КО **Кочани** издаден под бр.**1105-419/2014** од **16.01.2014**год. од Агенцијата за катастар на недвижности Одделение за катастар на недвижности Кочани и бр.**37-163/4** од **16.01.2014**год. на

Општина Кочани, Имотен лист бр.**13480** за КО **Кочани** издаден под бр.**1105-488/2014** од **20.01.2014**год. од Агенцијата за катастар на недвижности Одделение за катастар на недвижности Кочани и бр.**37-163/22** од **20.01.2014**год. на Општина Кочани, Имотен лист бр.**16132** за КО **Кочани** издаден под бр.**1105-479/2014** од **20.01.2014**год. од Агенцијата за катастар на недвижности Одделение за катастар на недвижности Кочани и бр.**37-163/15** од **20.01.2014**год. на Општина Кочани и Имотен лист бр.**16130** за КО **Кочани** издаден под бр.**1105-480/2014** од **20.01.2014**год. од Агенцијата за катастар на недвижности Одделение за катастар на недвижности Кочани и бр.**37-163/14** од **20.01.2014**год. на Општина Кочани,

5. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште издаден под бр.148/12 од 28.02.2012год. изработен од ДППГР„ГЕО КАРТА"ДОО - Кочани,

6. Согласно член 14 и член 15 став 1 точка 2 од Законот за административни такси („Сл. весник на РМ" бр.17/93, 20/96 ..... 145/10 и 84/12) општината е ослободена од плаќање на административна такса и

7. Доказ - акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште Известување Уп1 бр.22-64 од 29.01.2014год. од Општина Кочани.

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
-Мислење бр.24-228/2 од 24.01.2014год. од ЕВН КЕЦ Кочани и
-Записник за произнесување бр. 03-12/5/2 од 28.01.2014год. од КЈП Водовод Кочани.

Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот на Општина КОЧАНИ – КОЧАНИ одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

Согласно член 14 и член 15 став 1 точка 2 од Законот за административни такси („Сл. весник на РМ" бр.17/93, 20/96 ..... 145/10 и 84/12) општината е ослободена од плаќање на административна такса.

Изработил:
Никола Давитков

Контролирал:
Александар Гицов

Одобрил:
Влатко Димитров

Општина Кочани,
по овластување на градоначалникот
бр.08-1033/1 од 29.04.2013год.
Раководител на сектор за урбанизам
Влатко Димитров

ДОСТАВЕНО ДО:
Општина Кочани,

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
НА ДЕН 24.02.2014 ГОД
ОПШТИНА КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

СОДРЖИНА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Вовед
1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
2. ИЗВОДИ ОД ПЛАНОВИ НА ПОВИСОКО НИВО
   ПРОСТОРЕН ПЛАН
   - Решение за услови за планирање на просторот арх.бр. УП1- 15 311/2021 од 15.03.2021г Решение
   - Измена и дополна на Услови за планирање тех.бр. Y02421 од февруари 2021г.

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ
   4.1 Релјефни карактеристики
   4.2 Климатски карактеристики
   4.3 Хидрографски карактеристики
   4.4 Сеизмички карактеристики
5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ
   5.1 Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
   5.2 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
   5.3 Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини и градби од културно-историско значење и културни предели
6. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
7. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБАТА НА ПРОСТОРОТ

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

Нумерички податоци на постојната состојба

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

- ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН
  - Решение за услови за планирање на просторот арх.бр. УП1- 15 311/2021 од 15.03.2021г
  - Измена и дополна на Услови за планирање тех.бр. Y02421 од февруари 2021г.
- ИЗВОД ОД ВАЖЕЧКИ ПЛАН ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
  -Извод од Урбанистички План Вон Населено Место(УПВНМ) за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ (Одлука број 07-1644/1 од 08.07.2010год.)

1. ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ ОД ВАЖЕЧКИОТ ПЛАН И СИТЕ ДОНЕСЕНИ СОСЕДНИ ПЛАНОВИ..... 1:1000
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ..... 1:1000
3. -ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ,ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ.....1:1000
   -ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ПЛАНСКИОТОПФАТ.....1:1000

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Вовед

Измените и дополнувањето на на Урбанистички План Вон Населено Место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ, за блок број 1, Општина Кочани , се изработуваат согласно со просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Планската програма, одредбите коипроизлегуваат од Изводот од Просторниот план на РСМ и позитивната законска регулатива.

Изготвувањето на планот се врши согласно Законот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 32/20),Правилникот за урбанистичко планирање (.сл.Весник на РСМ 225/20)и Програмата за изработка на урбанистички планови за 2020 за територијата на Општина Кочани

Изработката на Урбанистичкиот План , има крајна цел да изврши урбанизација на конкретниот плански опфат со дефинирање на граници на градежни парцели во склад со фактичката состојба, како и архитектонско – урбанистички параметри за градење, во дозволените граници

1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат го опфаќа блок 1 од Урбанистички План Вон Населено Место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ,Општина Кочани(Одлука број 07-1644/1 од 08.07.2010год.),кој е проширен од јужната страна на блок 1 со КП 16716 КО Кочани, планираната ,,улица 1,, со целокупен профил на улицата.

Со измените и дополнувањата на планот се зафаќа целата површина на блок 1 од важечкиот план и се проширува за 13964,36 $м^2$ на јужната граница на блок 1,со што вкупниот плански опфат на Изменувањето и дополнување на Урбанистичкиот План Вон Населено Место изнесува 203821 $м^2$ односно 20,38 ха

Во проширувањето на опфатот влегуваат следните катастарски парцели: дел од КП 16713; дел од КП 16716; дел од КП 16717/23; дел од КП 16717/24; дел од КП 16719/1;дел од КП 16720; дел од КП 16721;дел од КП 16772 и дел од КП 8001 КО КОЧАНИ, истите се надоврзуваат на границата на блок 1 и на целокупниот опфат на УПВНМ

Во рамките на планскиот опфат се следните катастарски парцели вклучувајќи го и проширувањето: КП 16699; КП 16700/1; КП 16700/2; КП 16700/3; дел од КП 16701; КП 16703/1; КП 16703/2; КП 16703/3; КП 16703/4; КП 16704; КП 16708; КП 16709; КП 16710; КП 16711; КП 16712/1; КП 16712/2; КП 16713; КП 16714; КП 16715/1; КП 16715/2; КП 16715/3; КП 16715/4; КП 16716; дел од КП 16717/23; дел од КП 16717/24; КП 16719/1; КП 16719/2; дел од КП 16720;дел од КП 16721; КП 16722; дел од КП 16759/1; КП 16768; дел од КП 16772; дел од КП 16900; дел од КП 16901/1; дел од КП 16902; дел од КП 8001 сите КО КОЧАНИ. Со вкупна површина на опфатот: 203821 $м^2$ односно 20,38 ха

Планскиот опфат е дефиниран со оските на следните сообраќајници: на север по осовината на магистралниот пат М5 Штип-Делчево,на запад по осовината на ,,Железничка пруга,,остатокот на опфатот е по линија на Блок 1 и на југ и југозапад по линија на проширувањето на блок 1

Според опишаните граници на опфатот, вкупната површина на планскиот опфат изнесува: 203821 $м^2$ односно 20,38 ха

2 ИЗВОДИ ОД ПЛАНОВИ НА ПОВИСОКО НИВО

Блок број 1 е урбан блок формиран со УПВНМ за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ (Одлука број 07-1644/1 од 08.07.2010год.)

За важечкиот убанистички план УПВНМ за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО се издадени Услови за планирање Тех.бр. 01910 од 2010г. и Решение за услови за планирање на просторот бр. 15-765/4 од 24.02.2010г

За површината од планскиот опфат со кој се врши проширување на УПВНМ се издадени измена и дополна на услови за планирање на просторот тех.бр. Y02421 од февруари 2021г. и Решение за услови за планирање на просторот бр УП1- 15 311/2021 од 15.03.2021г

3.ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО Н А ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Поголемиот дел од предметниот плански опфат е дефиниран со постојна урбанистичка документација:

1. УПВНМ за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ (Одлука број 07-1644/1 од 08.07.2010год.)

За урбанистичкиот план се издадени:

- Решение за услови за планирање на просторот бр. 15-765/4 од 24.02.2010г
- Услови за планирање Тех.бр. 01910 од 2010г.

Проширувањето на планскиот опфат на блок 1 за површина од 13964,36 м^2,не бил предходно предмет на урбанистичко планирање и уредување.

Со отпочнувањето на постапката за Изменување и дополнување на УПВНМ за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,за блок број 1КО КОЧАНИ,односно со усвојување на Планската програма издадени се :

- Решение за услови за планирање на просторот арх.бр. УП1- 15 311/2021 од 15.03.2021г
- Измена и дополна на Услови за планирање тех.бр. Y02421 од февруари 2021г.

Предметниот плански опфат граничи со следнава постојна урбанистичка документација:

1. Проект за инфраструктура за изградба на експресниот пат Штип-Кочани, со тех.бр.800-07-15 изработен од Градежен Институт ,,Македонија,,Скопје

4.ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

Природните карактеристики ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки,хидрографски, сеизмички, климатски и друго.

Предметниот плански опфат се наоѓа на источниот дел од Македонија,

4.1 Релјефни карактеристики

Рељефни карактеристики на опфатот: теренеот е релативно равен со падови на теренот, ,висински прикажани во геодетската подлога на опфатот,со надморска височина околу 325м-330м.

4.2 Климатски карактеристики

Климатски карактеристики на локацијата се карактеризира со континентално-субмедитеранската клима,со просечна годишна температура од 13,^{0}С.

Застапени се ветровите од сите 8 правци со доминација на ветровите од југозападен правец и од североисточен правец.Југозападниот ветар е со просечна честина од 155‰. средна брзина од 2,2м/сек и максимална јачина од 8 бофори. Втор по зачестеност е северниот ветар со просечна честина 110‰ и брзина 2,1м/сек и максимална јачина од 8 бофори.

Просечно годишно на овој простор паѓаат 516,1мм врнежи, и тоа најмногу во ноември месец 60,2мм, а најмалку во септември со 32,1мм. Мразниот период изнесува 148 дена, просечно последниот пролетен мразен ден е 30.03. Првиот есенски мраз просечно се јавува 3.11. Бројот на денови со снег е 18. Магливи денови во овој простор има само околу 6 дена годишно. Просечен број на денови кога паѓа град е 19 дена. Ведри денови има годишно 80, облачни денови 150 и тмурни денови 135. Влажноста на воздухот изнесува 70%, најголема е во декември месец со 81%, а најмала во јули месец со 60%. Просечно годишната температура на воздухот е 13^{0}С, а годишна амплитуда е 22,1^{0}С среден годишен минимум на температурата е 6,5^{0}С, каде што јануари е најладен со -3,2^{0}С, и најтопол јуни со 15 ^{0}С. Средногодишен максимум е 18,6^{0}С јануар со 5,3^{0}С и јули со 29,9^{0}С

4.3 Хидрографски карактеристики

Просторот припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) „Средна и Долна Брегалница”. ВП „Средна и Долна Брегалница” е сиромашно со вода. За сливот на реката Брегалница специфичното истекување мерено кај водомерната станица „Берово” изнесува 11,8 л/сек/км^2, додека на водомерните станици „Очи Пале” изнесува 5,9 л/сек/км^2 и на в.с. „Штип” изнесува 4,1 л/сек/км^2

Друг значаен ресурс се подземните води кои најчесто се одликуваат со висок квалитет на водата. Посебен вид на подземни води се термалните,термоминералните и минералните води од кои во со значаен квалитет и капацитет, се забележани на просторот Истибања - Кочани – Штип.

Доколку при обезбедувањето на потребните количини на вода за комплексот се користат подземни води (бунари) користењето да биде врз основа на хидрогеолошки истражувања со што ќе се дефинира нивниот квалитет и квантитет.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштитата на квалитетот на површинските и подземните води. За таа цел потребно е спроведување на „принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување”

По јужната граница на опфатот е кочанска река ,за која треба да се предвиди заштитен појас,согласно законот за заштита на води од минимум 50 метри.

Низ планскиот опфат постојат канали на кои треба да се предвиди заштитен појас

4.4 Сеизмички карактеристики

Подрачјето според сеизмолошката карта припаѓа на зона VIII на степен MCS-64 , за која коефициентот на сеизмичност изнесува Ks =0.050.

5.ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

5.1 Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура

Земјиштето во рамките на планскиот опфат е претежно градежно неизградено земјиште, со дел изградено градежно земјиште

Планскиот опфат е претежно неизградено земјиште (63,88%).

Во опфатот изградени се објекти со намена:

Г- Индустрија (30,09%).,

Водена површина (1.72%),

Сообраќајна инфраструктура (4,31%).

Не е застапено јавно зеленило во постојната состојба.

5.2Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура

- Изградената сообраќајна инфраструктура е делумно реализирана според постојната урбанистичка планска документација,изведен е магистралниот пат М5 Штип-Делчево и делумно изведена индустриската улици ,,1,, и железничката пруга Скопје-Кочани по границата на северозападната страна на опфатот,за кои е предвидена зона за заштита која треба да се почитува.
- Електро енергетската постојна мрежа е прикажана во графичкиот прилог доставен од ЕВН, прикажани во графичкиот прилог,според добиената информација од ЕВН бр.10-55/4-85 од 29.03.2021год ,во рамките на планскиот опфат изградено е следното:10(20))/0,4kv kv трафотаница, 10(20)kv подземна мрежа, 10(20)kv надземна мрежа, 0,4 kv подземна мрежа, и 0,4 kv надземна мрежа сите прикажани во графичкиот прилог.Во прилогот се доставени и планирани НН,СН мрежа и ТС
- Агенцијата за електронски комуникации со допис 1404-1020/2 ОД 29.03.2021 .достави податок за постоен оптички кабел надвор од планскиот опфат, прикажан во графичкиот прилог.
- ЈПКД ВОДОВОД со допис број 11-13/30 од 22.04.2021 достави податок за изведена водоводна и топловодна мрежа , сите прикажани во графичкиот прилог.Од кои како постојни се доставени главен водоводен цевковод-довод од градска мрежа и дел од секундараната мрежа,и цевковод за геотермална вода.
- Телеком АД Скопје не достави податок за постојни и планирани инсталации.

Листа на добиени податоци,информации :

Институции кои доставиле податоци и мислења во системот е-урбанизам бр.на постапка 34574

	институција	бр.на документ	податок во рамки на опфатот	коментар,препорака и сл.
1	агенција за цивилно воздухопловство	12-8/2021-77 од 03.03.2021	нема објекти,инсталации ,уреди	може да се планира без посебни услови и ограничувања
2	ЕВН СКОПЈЕ	10-55/4-85 ОД 29.03.2021	во проектниот опфат има инсталации	доставени се постојни и планирани инсталации
3	БЕГ-дистрибуција дооел Скопје	03-920 од 19.04.2021	проектниот опфат е надвор од лицензирано подрачје со кое управува	
4	АЕК	1404-1020/2 ОД 29.03.2021	постоен оптички кабел	нема
5	ТИРЗ	08-496/2 од 23.03.2021	нема објекти во надлежност	нема
6	ЈПДП	10-3047/2 од 01.04.2021	опфатот не граничи со магистрален пат А3(М5) и кружен тек од Проект за инфраструктура за изградба на експресниот пат Штип-Кочани тех.бр.800-07-15 изработенод ГИМ	да се запази заштитниот појас на магистралниот пат А3 да се земе во предвид кружниот тек на планираниот експресен пат Штип -Кочани
7	национални енергетски ресурси	03-1249/2 од 29.03.2021	нема изграден и не е планиран гасоводен систем	дава позитивно мислење за понатамошна постапка
8	АД МЕПСО	11-1848/1 од 05.04.2021	опфатот не се пресекува со ЕЕ објективо сопственост на АД МЕПСО	нема
9	Македонски Телеком АД Скопје	34574 ОД 22.03.2021	во опфатот нема МКТ инфраструктура	нема

Институции кои доставиле податоци и мислења по пошта

1	ЈПКД ВОДОВОД КОЧАНИ	11-13/30 од 22.04.2021	постојни водоводни и топловодни	нема
2	Министерство за животна средина	11--1818/4 од 14.04.2021	локацијата е надвор од границите на заштитените подрачја на РСМ	Според Законот за води ,определени се критериуми во 5 точки за заштита,одржување и уредување на површински води и крајбрежните земјишта
3	АД Водостопанство на РСМ-Скопје	1103-747/3 од 31.03.2021	нема свои објекти	нема

5.3 Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини и градби од културно-историско значење и културни предели

Не е доставен податок за евидентирани заштитено добро,ниту добра за кои основано се предпоставува дека предтставуваат културно наследство.

6.АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Предметниот плански опфат е дефиниран со постојна урбанистичка документација: УПВНМ за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ (Одлука број 07-1644/1 од 08.07.2010год.)

За урбанистичкиот план се издадени:


- Решение за услови за планирање на просторот бр. 15-765/4 од 24.02.2010г
- Услови за планирање Тех.бр. 01910 од 2010г.

Од постојната состојба е евидентирана делумна реализација на планот.


Во рамките на планскиот опфат се реализирани и изградени објекти на следните градежни парцели: ГП 1.1: ГП 1.2; ГП 1.7 и ГП 1.8.Останатите градежни парцели се неизградени.

Од сообраќајната инфраструктура изведени се следните сообраќајници:

- магистрален пат М5 Штип-Делчево,со следниот профил :



- подвозник на магистралниот пат



- Делумно изведена индустриска улица 1

7. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБАТА НА ПРОСТОРОТ

Со измената и дополнувањето на постојниот УПВНМ,за блок 1,ќе се овозможи реализација на планот,порационално оформување на градежните парцели,водејќи сметка за сопственичките права,овозможување на заштитно зеленило, се создаваат услови за иден развој и уредување на конкретниот плански опфат.,и усогласување на сообраќајниците по граница на опфатот и вклопување во планот со што ќе се овозможи реализација на индустриската улица 1(која предходно не била предвидена со планот со цел профил) ,која представува сообраќајна оска на планот со што планот ќе биде спроведлив во делот на реализација на сообраќајното решение ,истовремено ќе се овозможи реализација на приклучување на кружниот тек на експресниот пат Штип-Кочани.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

Во рамките на планскиот опфат се следние нумерички показатели за постојната состојба по класи на намени и изградениот градежен фонд :

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО КЛАСИ НА НАМЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ				
Намена	**Површини на земјиштето м2**	**%**	**Површини на градбите м2**	**Бруто развиена површина м2**
Г - Рударство, енергетика, индустрија(индустрија, сервиси и помошни простории)	61334	30,09	13240	13679
НЗ - Неизградено земјиште	130205	63,88		
водена површина	3500	1,72		
Сообраќајна инфраструктура-постојна и пружен појас	8782	4,31		
Вкупно :	**203821,22**	**100**	**13240**	**13679**

Нумерички показатели за постојната состојба на изградениот градежен фонд:

број на катастарска парцела	Нумерација на објект	Класа на намена	Катност	Висина на венец м'	Конструкција	Состојба	Површина на парцела м2	Површина за градба м2	Бруто развиена површина м2	процент на изграденост %	коефицинт на искористеност к
16709	1	Г2	П+1	постојна	скелет	добра	5470	2978	3237	54,44	0,592
16722	1	помошни објекти	П	постојна	слаба	лоша	3318	40	40	1,21	0,012
	2		П	постојна	слаба	лоша		9	9	0,27	0,003
16708	1	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна	27744	341	341	1,23	0,012
	2	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		327	327	1,18	0,012
	3	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		224	224	0,81	0,008
	4	Г2	П	постојна	мешана	средна		163	163	0,59	0,006
	5	Г2	П	постојна	мешана	средна		15	15	0,05	0,001
	6	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		444	444	1,60	0,016
	7	Г3	П	постојна	мешана	средна		501	501	1,81	0,018
	8	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		12	12	0,04	0,001
	9	А2	П	постојна	мешана	средна		57	57	0,21	0,002
	10	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		48	48	0,17	0,002
	11	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		17	17	0,06	0,001
	12	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		49	49	0,18	0,002
16703-2	1	Г2	П+1	постојна	скелет	добра	8132	1506	1686	18,52	0,207
16703-4	1	Е1.8	П	постојна	скелет	добра		25	25	0,31	0,003
16715-3	1	Г2	П	постојна	скелет	добра	5484	4173	4173	76,09	0,761
16716	1	Г2	П	постојна	мешана	добра	11186	2257	2257	20,18	0,202
	2	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		27	27	0,24	0,002
	3	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		27	27	0,24	0,002
вкупно :							**61334**	**13240**	**13679**	**21,59**	**0,223**

ГРАФИЧКИ ДЕЛ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

И З В О Д И

- Решение за услови за планирање на просторот арх.бр. УП1- 15 311/2021 од 15.03.2021г

- Измена и дополна на Услови за планирање тех.бр. Y02421 од февруари 2021г.

- Извод од Урбанистички План Вон Населено Место(УПВНМ) за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ (Одлука број 07-1644/1 од 08.07.2010год.)

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 311/2021
Дата.....15-03-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кочани, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани.** Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 20,38 ha.

Површината за која што се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 1,4 ha и ги зафаќа следните катастерски парцели: дел од КП 16713, дел од КП 16716, дел од КП 16717/23, дел од КП 16717/24, дел од КП 16719/1 дел од КП 16720, дел од КП 16721, дел од КП 16772 и дел од КП 8001.

За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место за откуп и примарна обработка на земјоделски производи, м.в. "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани со техн.бр. Y01910 и врз основа на истите издадено е Решение за Услови за планирање на просторот бр. 15-765/4 од 24.02.2010 год.

Во непосредна близина на планскиот опфат се издадени услови за планирање на просторот:

- Услови за планирање на просторот за изработка измена и дополна на Генерален урбанистички план за град Кочани со тех бр. Y11913

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно-откупен центар за откуп и финална обработка на земјоделски производи на КП 7193, м.в. Виничка вада, КО Кочани, Општина Кочани со тех. бр Y16011.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Р Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y02421** се составен дел на Решението.

3. Измената и дополната на Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички план вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. Донесувачот на **Урбанистички план вон населено место – за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18)

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **Урбанистички план вон населено место – за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Кочани, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 33898 од 05.02.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 20,38 ha. Површината за која што се бараат овие Услови за планирање на просторот изнесува 1,4 ha и ги зафаќа следните катастерски парцели: дел од КП 16713, дел од КП 16716, дел од КП 16717/23, дел од КП 16717/24, дел од КП 16719/1 дел од КП 16720, дел од КП 16721, дел од КП 16772 и дел од КП 8001. За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место за откуп и примарна обработка на земјоделски производи, м.в. "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани со техн.бр. Y01910 и врз основа на истите издадено е Решение за Услови за планирање на просторот бр. 15-765/4 од 24.02.2010 год.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на **Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална**

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 311/2021 од 03.03.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани**и одлучи како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Shkup
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Рецепи

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

Јавните пешачки површини, улиците, пристапите до јавните објекти, објектите во кои се вреботени инвадилизираните лица, хоризонталните и вертикалните комуникации и слично, треба да бидат планирани во плановите од пониско ниво и изведени на начин кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или колички, инвалидски автомобил и други помагала (звучни сигнали за лица со оштетен вид, светлосни сигнали за лицата со оштетен слух и сл.) непречено одвивање на секојдневните активности, се според: Правилник за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. Весник на РМ бр. 2/02) и Правилник за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. Весник на РМ бр. 69/99, 102/00 и 2/02).

А. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

СПОРЕДБЕНИ НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ-СОСТОЈБА

Вкупна површина-состојба	м2		%
Вкупна површина под Б4=	1197,84		0,49
Вкупна површина под Г2 =	2023,00		0,80
Некатегоризиран асфалтен пат =	7237,60		3,05
Магистрален пат М5 =	5342,46		2,11
Урбанистички неуредено земјиште =	237170,10		93,75

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ-ПЛАН

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		
НАМЕНА	ПОВРШИНА (m²)	%
Г2	92653,22	36,63
Г4	32915,92	13,01
Д2	27710,74	10,95
Е3	364,59	0,14
Заштитен појас на водови	11723,63	4,63
Заштитен појас на канал	17174,59	6,79
РЕКА	2678,92	1,06
Интерен сообраќај	12395,06	4,90
Магистрален пат- М5	6515,85	2,58
Пружен појас	10177,5	4,02
Заштитен појас на Железница	10368,46	4,10
Заштитен појас на патот-М5	26929,47	10,65
ВКУПНО:	**252954,85**	**100,00**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		
НАМЕНА	ПОВРШИНА (m²)	%
Г2	92653,22	36,63
Г4	32915,92	13,01
Д2	27710,74	10,95
Е3	364,59	0,14
Заштитен појас на водови	11723,63	4,63
Заштитен појас на канал	17174,59	6,79
РЕКА	2678,92	1,06
Интерен сообраќај	12395,06	4,90
Магистрален пат-М5	6515,85	2,58
Пружен појас	10177,5	4,02
Заштитен појас на Железница	10368,46	4,10
Заштитен појас на патот-М5	26929,47	10,65
ВКУПНО:	**252954,85**	**100,00**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

а) Нумерички показатели за сообраќајната инфраструктура

Вкупно површина под улици: Интерен сообраќај 12395,06 – 4,90%
Магистрален пат М–5 6515,85 – 2,58%

- **Магистрален пат М – 5** е димензиониран со структура на сообраќајниот профил :

  – коловоз 2 x 3,75 = 7,50
  – тротоари 2 x 2,00 = 4,00
  – заштитен појас 2 x 23,00 = 46,00

  Вкупно : 57,50 м'

  Со вкупна должина од 595 м'

- **Индустриски ул. 1 и 2**

  – коловоз 2 x 3,75 = 7,50
  – тротоари 2 x 2,00 = 4,00

  Вкупно : 11,50 м

  Со вкупна должина од 952,71+160,39 = 1113,10 м'

- **Пристапна улица**

  – коловоз 5, 5 = 5, 5

  Вкупно : 5, 5 м

  Со вкупна должина од 121 м'

- **Крак за свртување**

  – коловоз 2 x 7,50 = 15,00
  – тротоари 2 x 2,00 = 4,00

  Вкупно : 19,00 м

  Со вкупна должина од 38,50 м'

Нумерички показатели за водоснабдување и одведување отпадни води

Водоснабдителна мрежа

-примарна водоснабдителна мрежа за санитарна вода со мин НД 110
должина 1300 м
-примарна водоснабдителна мрежа за техничка вода
должина 1300 м

Фекална канализациона мрежа

-примарна фекална канализација со мин ф 250
должина 1300 м

Атмосферска канализациона мрежа

-примарна атмосферска канализација со мин ф 300
должина 1100 м

б)

ц) Нумерички показатели за електроенергетска и телекомуникациска инфраструктурата

д) Електроенергетска инфраструктура

Надземни инфраструктурни објекти:

- 1 дистрибутивна трафостаница 10кВ
- 10кВ далновод во должина од 830м

Подземни инфраструктурни водови:

- дистрибутивни 10(20)кВ кабли, во должина од 3100м

е) Телекомуникациска инфраструктура

Телекомуникациска инфраструктура

Надземни инфраструктурни објекти:

- 11 телефонски приклучни ормари со површина од 1,5м2.

Подземни инфраструктурни водови:

- телефонски кабли во должина од 3100м,

Јавно осветлување

Надземни инфраструктурни објекти:

- 30 метални столбови со висина од 8м
- 30 лири долги 2м
- 30 светилки со натриумови високопритисочни сијалици.

Подземни инфраструктурни водови:

- електрокабли 1кВ во должина од 1500м.

ф) Нумерички показатели за топловодната инфраструктурата

Топловод
Разводна мрежа

Должини по номинален пречник:

- $Ø_н$ 65	300 метри
- $Ø_н$ 80	250 метри
- $Ø_н$ 100	350 метри

Должината на изливот е пресметана :

$$L_{izliv} = \frac{t \times V'}{d} + \frac{V'^2 - V''^2}{2}$$

d=1,2 do 1,5m/sec^2

3,6 26d

V_p^{gr}= 80km/h V_p^{gr}= 60 (50)km/h
V'= 0,8×50=40 km/h V''=10 km/h

$$L_{izliv} = \frac{3\times 40}{3,6} + \frac{40^2 - 10^2}{26(1,2 \text{ do} 1,5)} = \frac{120}{3,6} + \frac{1600-100}{39} = 33+37=70m^1$$

Должината на уливот е пресметана :

$$L_{uliv} = \frac{t\,V'}{3,6} + \frac{V'^2 - V''^2}{26a} \qquad a=0,8 \text{ do } 1,0 m/sec^2$$

$$L_{uliv} = \frac{3\times 40}{3,6} + \frac{1600 - 100}{26} = 33+57=90м^1$$

9.1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

За целиот комплекс предвидена е улична мрежа од индустриски улици , преку која ќе се овозможи директно стигнување до секоја градежна парцела.
Приклучувањето на предметниот опфат е преку индустриска улица како врска со магистралниот пат Штип - Кочани, со два влеза, во северниот и западниот дел на планскиот опфат, истите се прикажани во графички прилог од планската документација прилог бр. 04, Сообраќаен и нивелациски план. Исто така планирана е и една пристапна улица со помал профил од југоисточната страна, која се врзува на локален пат Грдовци. Од оваа страна се предвидува пристап директно од поле, за локални товарни коли кои би носеле земјоделски производи во комплексот.
Елементите на уличната мрежа профилот на сообраќајните ленти и тротоарите ја дефинираат широчината на сообраќајниот коридор на индустриска улица (11.5 метри) и истите се во рамките на дозволените според стандардите.
Предвидени се индустриски улици со работни имиња од "улица бр.1" и "улица бр.2" кои со своите елементи: ширина на сообраќајна лента 2x3.75м. ширина на тротоар 2x2.0 и минимален радиус на хоризонтална кривина од Р-12.0м. овозможуваат пристап на товарни возила до секоја парцела поединечно.
На крајот на "улица бр.2" предвиден е крак за свртување на товарни возила со профил 2x7.5м. ширина на тротоар 2x2.0.
Стационарен сообраќај, паркиралиштата планирани за градби со класа на намена Г- се планираат во рамките на градежната парцела. Нивниот број е предвиден према член 59 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06.) и Правилник за изменување и дополнување на Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.140/07.) Бројот на паркинг места е планиран како максимален и истиот произлегува од планираната развиена апроксимативна површина за градба.

Поставеност на уличната мрежа - планерски поставки

Планската поставеност на уличната мрежа во рамките на планираниот простор е условена од поставеноста на примарната сообраќајна мрежа на овој дел од државата. Дел од магистралниот пат М-5 (Отовица-Штип-Кочани-Делчево-гр. со Р.Бугарија). Ново планираните индустриски улици со работни имиња од "улица бр.1" до "улица бр.2" директно се поврзани на магистралниот пат Штип - Кочани., со дефинирано сообраќајно решение презентирано во рафичкиот прилог од Планската документација под ред.бр. 04 "Сообраќаен и нивелациски план".

- **Магистрален пат М – 5** е димензиониран со структура на сообраќајниот профил :

  – коловоз 2 x 3,75 = 7,50
  – тротоари 2 x 2,00 = 4,00
  – заштитен појас 2 x 23,00 = 46,00

  Вкупно : 57,50 м'

  Со вкупна должина од 595 м'

- **Индустриски ул. 1 и 2**

  – коловоз 2 x 3,75 = 7,50
  – тротоари 2 x 2,00 = 4,00

  Вкупно : 11,50 м

  Со вкупна должина од 952,71+160,39 = 1113,10 м'

- **Пристапна улица**

  – коловоз 5, 5 = 5, 5

  Вкупно : 5, 5 м

  Со вкупна должина од 121 м'

- **Крак за свртување**

  – коловоз 2 x 7,50 = 15,00
  – тротоари 2 x 2,00 = 4,00

  Вкупно : 19,00 м

  Со вкупна должина од 38,50 м'

9.2 ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Изворници на вода

Потребните количини на санитарна вода за стопанскиот комплекс за откуп и примарна обработка на земјоделски производи, на м.в.Керамидница, ќе се обезбеди од водоснабдителната мрежа на градот Кочани. Приклучувањето може да биде на цевководот ф250 кој минува низ планскиот опфат, но местото и начинот на приклучување ќе биде дефиниран од ЈКП.

Техничката вода (за комунална хигиена и одржување на зеленилото) ќе се обезбеди од бунари. Најповолна локација е просторот во близина на Кочанска Река (намена на површина Д2).

Пред да се користат подземните води за стопанскиот комплекс потребно е да се извршат хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на бунарот. Исто така треба да се направат и испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко Ђ хемиските и бактериолошките карактаристики на водата ќе одговараат на критериумите за соодветна употреба. При лоцирањето на бунарите да се запази и заштитната зона на бунарите.

Потреби од вода

Потребите од вода ќе бидат дефинирани врз основа на архитектонско урбанистички проект со кој ќе бидат дефинирани намените на површините на градежните парцели и видот на обработката на земјоделските производи.

Одведување на отпадни води

Во стопанскиот комлекс се предвидува изградба на сепарациска канализациска мрежа - фекална и атмосферска канализација.

Фекална канализациона мрежа

Во границите на планскиот опфат на стопанскиот комплекс минува колектор ф400 кој ги одведува отпадните води од градот Кочани кон реципиентот - Кочанска Река.

Со планската документација со која располага градот се предвидува изградба на нови колектори: ф800 кој ќе ги одведува отпадните води од градот и ф300 кој ќе ги одведува водите од околните села. Трасите на овие колектори минуваат низ планскиот опфат. При одредувањето на границите на градежните парцели запазени се заштитните коридори на колекторите.

Во парцелата бр.1.1, во Блок 1, предвидено е дислокација на планираниот колектор ф300 поради подобра просторна организација на самата парцела. Сега колекторот ќе тангира со постојниот објект во самата парцела.

Фекалните отпадни води пред да се испуштат во примарната канализациска мрежа ќе бидат подложени на третман во пречистителни станици поставени во границите на сопствените градежни парцели. Пречистителната станица може да биде за еден корисник или заедничка за повеќе корисници, врз основа на договор.

Количината на отпадната вода и местоположбите на пречистителните станици ќе бидат дефинирани со архитектонско урбанистички проект со кој ќе бидат дефинирани намените на површините на градежните парцели.

Веќе пречистени отпадните води ќе се испуштаат во најблискиот реципиент - Кочанска Река.

Атмосферска канализациона мрежа

Количината на атмосферската вода ќе биде дефинирана со архитектонско урбанистички проект.

Реципиент за атмосферските води ќе бидат земјените канали кои минуваат низ планскиот опфат. Атмосферските води пред да бидат испуштени во реципиентот, ќе бидат третирани во маслофаќач.

9.3 ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

- Електроенергетска инфраструктура

Планираните површини од предметниот простор се со различна намена:

- Производство, дистрибуција и сервиси - (класа на намена - Г)
- Зеленило и рекреација - (класа на намена - Д)
- Инфраструктура - (класа на намена - Е)

Инсталираната и едновремената електрична моќност како и потрошувачката на електрична енергија за корисниците од предметниот простор ќе се изврши по се според добиената согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија. Барањето треба да содржи точно дефинирани електрични параметри како што се : напонско ниво, максимална инсталирана и едновремена моќност, фактор на моќност, начин на затоплување , начин на ладење и слични податоци кои во оваа фаза на изработка на планот не се дефинирани.

Овие податоци ќе можат да бидат дефинирани со изработувањето на архитектонско урбанистичките проекти и идејните проекти за секоја градежна парцела посебно.

Во согласност со барањето за напојување на новата урбанистичка зона на ЕВН Македонија бр.03-3309 од 17.12.2009 год. начелно е дефинирано дека напојна точка ќе биде ТС110/35/10 kV Кочани.

Начинот на приклучување и другите технички елементи ќе бидат дефинирани од стручните служби на ЕВН Македонија.

При изработка на архитектонско урбанистичките проекти за секоја парцела поодделно ќе биде дефинирана местоположба и број на трафостаници.

Дистрибутивните водови од примарната мрежа ќе бидат со 10(20) kV кабли поставени во дефинирани инфраструктурни коридори (графички прилог:инфраструктурен план 04).

При премин на електричните водови преку мрежата за наводнување, задолжително да се водат во заштитна обвивка (цевка).

- Телекомуникациска инфраструктура

За локалитетот потребно е да се обезбеди и соодветна телефонска мрежа.

За приклучок на корисниците од предметниот простор се планира телефонска централа за планирани 130 телефонски приклучоци.

Поврзувањето ќе се изврши според барање кој инвеститор треба го проследи до овластен оператор на комуникациска мрежа.

Предвидена е градба на телефонска мрежа до секоја градежна парцела, во која е предвидена да се постави приклучен телефонски орман.

Инфраструктурниот коридор во кој е поставен телефонскиот кабел е дефиниран со графичкиот прилог инфраструктурен план 06.

За детално прикажување на поврзувањето со спецификација на телефонските кабли и типови на приклучни ормари ќе биде изработен посебен идеен проект.

Предметниот простор , како и овиј регион целосно се покриени со сигнал на трите мобилни оператори: Т-Мобиле, Космофон и ВИП.

- Јавно осветлување:

Се планира изградба на инсталација за осветлување со натриумови високопритисочни светилки поставени на метални столбови високи 10м на меѓусебно растојание од 35-40м.

9.4. ТОПЛОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА

Предметниот локалитет се наоѓа во непосредна близина на градот Кочани и низ урбаниот опфат поминува постоечки дистрибутивен цевковод на систем за експлоатација на геотермална енергија од подземните извори на топла вода. Оттаму се создаваат реални услови за искористување на постоечкиот геотермален систем за затоплување и на просториите од објектите во локалитетот кои се наменети за престој на луѓе, како канцелариски или друг деловен простор. Кондиционирањето на амбиентниот воздух во просториите каде ќе се складираат земјоделските производи во зависност од потребите и видот на производот секој корисник ќе го решава индивидуално.

Планирани капацитети

Големината на топлотниот конзум е утврден врз основа на податоците за корисната површина и намената на објектите, при што согласно планските решенија за секоја градежна парцела се предвидува најмногу 10% од основната класа на намена да отпаѓа на простории со комерцијална и деловна намена. Усвоената специфичната количина на топлина за ваков тип на објекти изнесува од 20 - 35 w/м^3. Врз основа на ова вкупно потребниот капацитет за задоволување на топлинските потреби за објектите изнесува 1080 kw.

Разводна мрежа

Планското решение на топловодната мрежа предвидува поврзување на постоечкиот дистрибутивен систем и надградба на цевната инсталација кон сите објекти од локалитетот. Со главниот проект за инфраструктурата треба да се утврди капацитетот на постојниот вод кој поминува низ локалитетот и доколку е потребно да се изврши негова замена со цевки со поголем капацитет.

При димензионирањето на топлотната мрежа оптималните пречници на планираните цевководи се утврдени врз основа на пресметаната количина на топлина по делници и дозволениот пад на притисок. Врз основа на ова добиени се следните должини по номинален пречник:

- $Ø_н$ 65 — 300 метри
- $Ø_н$ 80 — 250 метри
- $Ø_н$ 100 — 350 метри

Изготвил:
Даниел Стојанов

Помошник раководител;

Марија Салтирова Јовановска диа

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС
ЗА ОТКУП, ПРИМАРНА И ФИНАЛНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ,
ЛОКАЛИТЕТ М.В. " КЕРАМИДНИЦА ", КО КОЧАНИ, КОЧАНИ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2010-2020(донесен со Одлука на совет на О.Кочани со бр. 07-1644/1 од 08.07.2010год.)

ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП,ПРИМАРНА И ФИНАЛНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ, ЛОКАЛИТЕТ М.В.КЕРАМИДНИЦА К.О КОЧАНИ, ЗА БЛОК 1, ОПШТИНА КОЧАНИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ - Пл.бр.30 на.
ГРАНИЦА НА БЛОК
ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
ОСОВИНА НА СООБРАЌАЈНИЦА
РЕГУЛАЦИСКА ЛИНИЈА
ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
ПРОИЗВОДСТВО,ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ (ЛЕСНА НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА)
ПРОИЗВОДСТВО,ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ (СТОВАРИШТА)
ИНФРАСТРУКТУРА (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)
GP 1.1, 1.2 .... БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
N МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДБАТА ДО ВЕНЕЦ
10kV TRANSFORMATORSKA POSTOJNA
10kV DALNOVOD-POSTOEN
KORIDOR ZA 10kV DALNOVOD
110(35) kV ELEKTROKABLI
TELEFONSKI KABLI
OPTIČKI KABLI POSTOJNI
TELEFONSKI OPMAN
VODOVOD
NAVODNUVANJE
FEKALNA KANALIZACIJA
ATMOSFERSKA KANALIZACIJA
TOPLOVOD

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

"Индустриски улици"
тротоар 2.0 | 7.5 | 2.0 тротоар — 11.5

"Улица 1"
тротоар 2.0 | 7.5 | 2.0 тротоар — 11.5

"Улица 2"
тротоар 2.0 | 7.5 | 7.5 | 2.0 тротоар — 19.0

"Крак за свртување"
тротоар 23.0 | 2.0 | 7.5 | 2.0 тротоар — 11.5

"Магистрален пат М5 Штип-Делчево"
ограда на М5

"Подвозник" 4.7

"Пристапна улица" 5.5

СИТУАЦИЈА ЗА ЕКСПРЕСЕН ПАТ ШТИП - КОЧАНИ

ГРАНИЦА НА ГУП КОЧАНИ
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ПО УТВРДЕН
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ 203821.22м2
ГРАНИЦА НА ПРОШИРУВАЊЕ 13964.36ма

Д.П.Т.У.И."ИДЕА-КОНСАЛТИНГ"д.о.о.е.л.
ул.Браќа Милаџиевци бр.41Струмица тел.034/552002
ikmax@t-home.mk

НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:
ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПВНМ ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП, ПРИМАРНА И ФИНАЛНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ, ЛОКАЛИТЕТ М.В.КЕРАМИДНИЦА, КО КОЧАНИ, ЗА БЛОК 1, ОПШТИНА КОЧАНИ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2026, РАБОТНА ВЕРЗИЈА

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖОТ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА-
Збирен графички прилог на важечкиот план и сите донесени соседни планови

ПРАВНО ЛИЦЕ ИЗРАБОТУВАЧ НА ПЛАНОТ
ДПТУИ ИДЕА -ФОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА
лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0081
одговорно лице Лилјана Ивановска

ПЛАНЕР
ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА,дипл. инж. арх.,ОВЛ.БР. 0.0454

СОРАБОТНИЦИ


УПРАВИТЕЛ: ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА Д.И.А.	РАЗМЕР: P=1:1000
Технички број: 03-06/2021	ДАТА: АПРИЛ 2021
	ЛИСТ БРОЈ: 2

ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП,ПРИМАРНА И ФИНАЛНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ, ЛОКАЛИТЕТ М.В.КЕРАМИДНИЦА К.О КОЧАНИ, ЗА БЛОК 1, ОПШТИНА КОЧАНИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 203821.22м2
ГРАНИЦА НА ОПФАТ ЗА АЖУРИРАЊЕ

N=110 ‰
NE=89 ‰
E=46 ‰
SE=72 ‰
S=79 ‰
SW=155 ‰
W=46 ‰
NW=34 ‰



ЛЕГЕНДА :

- Граница на планski опфат
- Граница на катастарска парцела
- Помошни линии во парцела
- Нова состојба
- Асфалтирана улица
- Цевковод за геотермална вода
- 324.18 Коти и изохипси на терен
- Далековод
- ПТТ мрежа
- Секундарен колектор
- Фекална канализација
- Бетонска патека
- Топловод - геотермална вода
- Цевковод
- Деловен објект
- Помошен објект
- Ознака за река
- Вештачки водотек
- Чешма
- Падна линија
- Сливник
- Канделабра
- Паркинг
- ПТТ столби и мрежа
- Електро столбови
- Знак за припадност
- Шахта
- Бетонска ограда
- Жичана ограда на сид
- Жичана ограда
- Јарбол

ДППГР"ГЕО КАРТА"-доо Кочани ул.„Кеј на Револуција„,бр.5/пр/4 Кочани тел: ++389(0) 33 27 47 27 e-mail: geokartakocani@gmail.com		Дн. бр. 81/21-3 Април, 2021
К.О. КОЧАНИ		Размер 1:1000
Прилог:	Ажурирана геодетска подлога	Прилог бр.1
Изработил:	инг.геод. Александар Лазаров	Овластен геодет Александар Лазаров

Д.П.Т.У.И."ИДЕА-КОНСАЛТИНГ"д.о.о.е.л.
ул.Браќа Миладинови бр.41Струмица тел.034/552002
ilievan@t-home.mk

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА КОЧАНИ КОЧАНИ**

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПВНМ ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП, ПРИМАРНА И ФИНАЛНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ, ЛОКАЛИТЕТ М.В.КЕРАМИДНИЦА, КО КОЧАНИ, ЗА БЛОК 1, ОПШТИНА КОЧАНИ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2026, РАБОТНА ВЕРЗИЈА**

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА- **АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ**

ПРАВНО ЛИЦЕ ИЗРАБОТУВАЧ НА ПЛАНОТ
ДПТУИ ИДЕА -КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА
лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0081 одговорно лице Лилјана Ивановска


ПЛАНЕР
ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА,дипл. инж. арх.,ОВЛ.БР. 0.0454

СОРАБОТНИЦИ

УПРАВИТЕЛ: **ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА д.и.а.**		**РАЗМЕР** **Р=1:1000**
Технички број: **03-96/2021**	ДАТА: **АПРИЛ 2021**	**ЛИСТ БРОЈ:** 3


НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО КЛАСИ НА НАМЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ				
Намена	**Површини на земјиштето м2**	**%**	**Површини на градбите м2**	**Бруто развиена површина м2**
Г - Рударство, енергетика, индустрија(индустриј, сервиси и помошни простории	61334	30.09	13240	13679
НЗ - Неизградено земјиште	130205	63.88		
водена површина	3500	1.72		
Сообраќајна инфраструктура-постојна и пружен појас	8782	4.31		
Вкупно :	**203821.22**	**100**	**13240**	**13679**

број на катастарска парцела	Нумерација на објект	Класа на намена	Катност	Висина на венец м'	Конструкција	Состојба	Површина на парцела м2	Површина за градба м2	бруто развиена површина м2	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
16709	1	Г2	П+1	постојна	скелет	добра	5470	2978	3237	54.44	0.592
16722	1	помошни објекти	П	постојна	слаба	лоша	3318	40	40	1.21	0.012
	2		П	постојна	слаба	лоша		9	9	0.27	0.003
16708	1	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна	27744	341	341	1.23	0.012
	2	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		327	327	1.18	0.012
	3	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		224	224	0.81	0.008
	4	Г2	П	постојна	мешана	средна		163	163	0.59	0.006
	5	Г2	П	постојна	мешана	средна		15	15	0.05	0.001
	6	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		444	444	1.60	0.016
	7	Г3	П	постојна	мешана	средна		501	501	1.81	0.018
	8	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		12	12	0.04	0.001
	9	А2	П	постојна	мешана	средна		57	57	0.21	0.002
	10	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		48	48	0.17	0.002
	11	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		17	17	0.06	0.001
	12	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		49	49	0.18	0.002
16703-2	1	Г2	П+1	постојна	скелет	добра	8132	1506	1686	18.52	0.207
16703-4	1	Е1.8	П	постојна	скелет	добра		25	25	0.31	0.003
16715-3	1	Г2	П	постојна	скелет	добра	5484	4173	4173	76.09	0.761
16716	1	Г2	П	постојна	мешана	добра	11186	2257	2257	20.18	0.202
	2	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		27	27	0.24	0.002
	3	помошни објекти	П	постојна	мешана	средна		27	27	0.24	0.002
вкупно :							**61334**	**13240**	**13679**	**21.59**	**0.223**



ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП,ПРИМАРНА И ФИНАЛНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ, ЛОКАЛИТЕТ М.В.КЕРАМИДНИЦА К.О КОЧАНИ, ЗА БЛОК 1, ОПШТИНА КОЧАНИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА



- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ 203821.22м2
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- НЕИЗГРАДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
- ПОСТОЈНИ УЛИЦИ
- ВОДЕНА ПОВРШИНА
- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА - подземен вод 0.4Кв
- ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА - подземен вод 10(20)Кв
- ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА - надземен вод 10(20)Кв
- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ - оптички кабел
- ТОПЛОВОД - кабел
- ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА-постојни

Д.П.Т.У.И."ИДЕА-КОНСАЛТИНГ"д.о.о.е.л.
ул.Брака Миладинови бр.41Струмица тел.034/552002
lilevan@t-home.mk

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА КОЧАНИ**
КОЧАНИ

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:
ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПВНМ ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП, ПРИМАРНА И ФИНАЛНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ, ПОКАЛИТЕТ М.В.КЕРАМИДНИЦА, КО КОЧАНИ, ЗА БЛОК 1, ОПШТИНА КОЧАНИ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021-2026, РАБОТНА ВЕРЗИЈА

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА-
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА, НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ;
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ПРАВНО ЛИЦЕ ИЗРАБОТУВАЧ НА ПЛАНОТ
ДПТУИ ИДЕА -КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА
лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0081
одговорно лице Лилјана Ивановска

ПЛАНЕР
ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА,дипл. инж. арх.,ОВЛ.БР. 0.0454

СОРАБОТНИЦИ

УПРАВИТЕЛ: **ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА д.и.а.**	**РАЗМЕР:** **Р=1:1000**
Технички број: **03-96/2021**	ДАТА: **АПРИЛ 2021** — **ЛИСТ БРОЈ:** 4

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

СОДРЖИНА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Опис на границата на планскиот опфат
3. Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот опфат и претставуваат обврски за планирање на просторот
4. Цели на урбанистичкиот план
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба
   - *6.1 Плански опфат*
   - *6.2 Регулациона линија*
   - *6.3 Градежна парцела*
   - *6.4 Наменска употреба на земјиште*
   - *6.5 Сообраќај*
   - *6.6 Нивелмански план*
   - *6.7 Комунална инфраструктура*
   - *6.7.1 Водовод*
   - *6.7.2 Фекална канализација*
   - *6.7.3 Атмосферска канализација*
   - *6.7.4 Електро-енергетски приклучок*
   - *6.7.5 Телекомуникациска мрежа*
   - *6.7.6 .Топловодна инфраструктура*
   - *6.8 Хортикултура и партер*
7. Мерки за заштита
   - 7.1. Заштита на животна средина и природата
   - *7.1.1. Заштита на почвата и подземните води*
   - *7.1.2 Заштита од бучава*
   - *7.2 Мерки за заштита и спасување*
   - *7.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии*
   - *7.2.2. Мерки за заштита од урнатини*
   - *7.2.3. Мерки за заштита од пожар*
   - *7.2.4. Мерки за заштита од поплави*
   - *7.2.5. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност*
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. Нумерички показатели
2. Билансни показатели

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. План на намена на земјиштето и градбите со граници на површините со иста намена на земјиштето .....М= 1 : 1000
2. Регулационен план,план на зеленило и план на површини за градење..... М= 1 : 1000
3. Сообраќаен и нивелмански план .....М= 1 : 1000
4. Инфраструктурен план .....М= 1 : 1000
5. Синтезен план .....М= 1 : 1000

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Измените и дополнувањето на на Урбанистички План Вон Населено Место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ, за блок број 1, Општина Кочани , се изработуваат согласно со просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Планската програма, одредбите коипроизлегуваат од Изводот од Просторниот план на РСМ и согласно Законот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 32/20),Правилникот за урбанистичко планирање (.сл.Весник на РСМ 225/20)и Програмата за изработка на урбанистички планови за 2020 за територијата на Општина Кочани,
Урбанистички план вон населено место се изработува во една фаз како предлог план за плански период од 2021-2026 год.

2. ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАН СКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат го опфаќа блок 1 од ,дефиниран со УПВНМ со проширување на југо западната страна.Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:
-од северната страна границата е по осовина на магистралниот пат М5 Штип-Делчево
-од источната страна граница е по границата на блок1,,
-од јужната страна границата е по осовина на ,, Кочанска река,, и по катастарски парцели.,и профил на индустриска улица 1.
-од западнта страна границата е по осовина на ,,Железничка пруга,,
Теренот е релативно рамен со изразена висинска разлика кај магистралниот пат,каде е изведен и подвозникот под магистралниот пат,и се наоѓа на надморска височина која се движи приближно од 325-330мнв.
Во графичките прилози границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки од дефинираниот блок 1.
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува:. 203821 м^2 односно 20,38 ха.

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ,ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПРЕТСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Во Просторниот план на РСМ се дефинирани стратешките опредлеби кои се однесуваат на планскиот опфат ,а дефинирани во издадените : Решение за услови за планирање на просторот арх.бр. УП1- 15 311/2021 од 15.03.2021г и Измена и дополна на Услови за планирање тех.бр. Y02421 од февруари 2021г.

Основни стратешки определби се :

- ***Економски и просторен развој:***

Реализацијата на Урбанистичкиот план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в Керамидница, КО Кочани, Општина Кочани, ќе биде во функција на развој на локалната и националната економија.

- ***Рационално користење на земјиштето:***

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што проширувањето ги зафаќа катастарските парцели на кои се изградени ибјекти и проширувањето на индустрискатау лица 1е неопходно за реализација на сообраќајната оска која ги поврзува сите градежнипарцели,други зафаќање на земјиште не се предвидени

- ***Заштита на животната средина:***

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

4.ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Цел на Изработката на Измените и дополнувањето на УПВНМ е овозможување на изградба на тој дел, односно регулирање на градежни парцели и површини за градење,со сите параметри,односно поефикасна реализација на постоечкиот план и проширување на опфатот со цел реализирање на комплетната инфраструктура и овозможување на иден развој.

Урбанистичкиот план за вон населено место представува основен развоен документ, со крајна цел преку :

- Рационално користење на земјиштето
- Максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- Оформување препознатлива амбиентална целина
- Почитување и заштита на правото на човекот на работа
- Почитување и валоризација на културното и градителското наследство
- Подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица
- Вградување мерки за заштита на природата и животната средина
- Вградување мерки за заштита и спасување
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
- Вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето

5.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ

Планскиот опфат е со вкупна површина од 203821 м^2 односно 20,38 ха,

Планскиот концепт е условен од Изградената инфраструктура и планираната инфраструктура предвидена со постојната документација,состојбата и природните крактеристики на теренот.

Сопственичката структура на земјиштето и објектите има влијание на планскиот концепт ,заради почитување на приватната сопственост но и обезбедување на развој во рамките на планскиот опфат.

Земјиштето во рамките на планскиот опфат е претежно градежно неизградено земјиште ,и делумно изградени градежни парцели.

Сообраќајното решение и планираната инфраструктура од Урбанистичкиот план е изработено според степенот на реализација на важечкиот план,доставените информации и просторните можности,и усогласување на сообраќајното решение од УПВНМ.

Оска на поврзување внатре во опфатот и поврзување со надворешната инфраструктура е индустриската улица,,1,,

Во рамките на планскиот опфат се планира развој со предвидување на вкупно 12 градежни парцели со различна големина,од кои 11 со намена Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА и една градежна парцела со намена Е3- СПЕЦИЈАЛНИ НЕКЛАСИФИКУВАНИ ИНФРАСТРУКТУРИ односно поединечна намена Е3.1 – Депонии и преработка на неопасен отпад

Останатите површини во рамките на планскиот опфат се комунална инфраструктура,заштитно зеленило.

6.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

6.1 Плански опфат

Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:-од северната страна границата е по осовина на магистралниот пат М5 Штип-Делчево;од источната страна граница е по границата на блок1,,од јужната страна границата е по осовина на ,, Кочанска река,, и по катастарски парцели.,и профил на индустриска улица 1.,-од западнта страна границата е по осовина на ,,Железничка пруга,,

Планскиот опфат е со вкупна површина од 203821 м^2 односно 20,38 ха

6.2 Регулациона линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во конкретниот случај регулационата линија е дефинирана од профилите на улиците кои го ограничуваат делот од блокот, како и по улиците во внатрешноста на блокот.

6.3 Градежна парцела

Во границите на предметниот Плански опфат предвидени се 12 градежни парцели,означени соодветно во графичките прилози во табела со наведени површини.
При дефинирањето на границите на градежните парцели главно се почитуваат границите на катастарските парцели и правото на сопственост.

6.4 Наменска употреба на земјиште

Класите на намени се превземени од постоечкиот УПВНМ, и истите не се менуваат.
Применувањето на системот на класи на намени е според член 78, од Правилникот за урбанистичко планирање(сл.вес.на РСМ 225/20)
Планираните градби се дефинирани со класата на намени:

- Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА со комплементарни,компатибилни и алтернативни намени според членовите 80;81 и 82 од Правилникот за урбанистичко планирање(.сл.Весник на РСМ 225/20
- Д2 ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО
- Е1 СООБРАЌАЈНИ,ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ
- Е3- СПЕЦИЈАЛНИ НЕКЛАСИФИКУВАНИ ИНФРАСТРУКТУРИ
  односно поединечна намена Е3.1 – Депонии и преработка на неопасен отпад: регионални и локални депонии заодлагање на неопасен отпад, постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад, неопасни јаловишта и пепелишта

6.5 Сообраќај

Сообраќајната инфраструктура која е по границите на планскиот опфат е изведена,и тоа магистралниот пат М5 Штип-Делчево и железничката пруга Скопје-Кочани .На овие сообраќајни коридори не е предвидено директно приклучување на планскиот опфат,заштитните појаси се предвидени со планираната ширина од 23м од линија на тротоарот од двете страни на магистралниот пат , и 10м заштитен појас на железничката пруга од двете страни.

Со планското решение се задржува во целост сообраќајното решение од важечкиот УПВНМ.Планскиот опфат сообраќајно е поврзан преку индустриската улица,,1,,која на север поминува преку подвозник под магистралниот пат ,поминува низ блок 2 и се поврзува со уличната мрежа на градот Кочани предвидена по ГУП.


На западната страна предвиден е влез преку индустриската улица,,1,,,која е е предвидена да се приклучи на планираниот експресен пат Штип-Кочани,преку планиран кружен тек на патот,и исклучување за влез кон ,,Ќерамидница,,.

На југ планскиот опфат преку пристапна улица е поврзан кон локален пат Грдовци.


Уличната мрежа се состои од индустриски улици ,,1,,и ,,2,, и пристапна улица.

Пристапот до градежните парцели е директно од индустриските улици.


Сообраќајното решение се состои од следните улици:




подвозник под магистрален пат



индустриска улица 1



индустриска улица 2



пристапна улица

Паркирање

Потребата од паркинг простор се решава во рамките на градежните парцели. Потребен број на паркинг места се утврдува според класата на намена и во согласност со чл.134 и 135 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ 225/20).

6.6 Нивелмански план

Во нивелманскиот план се прикажани подолжните падови на улиците. Имајќи во предвид дека сообраќајното решение е превземено од важечкиот план , котите и падовите се преземени од важечкиот план. Теренот е релативно рамен и падовите на улиците се движат од 0,28%.кај подвозникот до 1,43%.кај приклучокот на експресниот пат.

Со Планот не се вршат измени на сообраќајното решение и нивелманскиот план на примарните улици.

Од новопланираната улична мрежа, котите на нивелетите се усогласуваат според планското решение во важечкиот УПВНМ и податоците од лице место добиени од Ажурираната геодетска подлога.

Котата на приземјето на градбите, пристапот и партерното уредување на парцелите ќе се усогласат со нивелетата на улиците и условите на теренот. Во графичките прилози од планираниот нивелман прикажани се апсолутните коти.

6.7 Комунална инфраструктура

6.7.1 Водовод

Потребните количини на санитарна вода за планскиот опфат, ќе се обезбеди од водоснабдителната мрежа на градот Кочани. Според добиените податоци од ЈКП Водовод Кочани низ планскиот опфат минува цевководот ф250 на кој делумно е изградена секундарна мрежа.Низ планскиот опфат е планирана секундарна водоводна мрежа која ќе се приклучи на главниот цевковод.

Секој поединечен приклучок на секоја градежна парцела ќе биде дефиниран од ЈКП Водовод Кочани на поединечно барање на сопствениците на градежните парцели.

Во рамките на планскиот опфат постои бунар превземен од постојниот урбанистички план,како решение за одржување на зеленило.

Техничката вода (за комунална хигиена и одржување на зеленилото) ќе се обезбеди од бунари. Најповолна локација е просторот во близина на Кочанска Река(намена на површина Д2),врз основа на предходни истржувања и елаборат одобрен во постапка пред надлежен орган.(Општина Кочани,Јавно претпријатие за стопанисување со води,Министерство за животна средина)

Пред да се користат подземните води за стопанскиот комплекс потребно е да се извршат

хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на бунарот. Исто така треба да се направат и испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко – хемиските и бактериолошките карактаристики на водата ќе одговараат на критериумите за соодветна употреба. При лоцирањето на бунарите да се запази и заштитната зона на бунарите.
Потребите од вода ќе бидат дефинирани врз основа на основен проект со кој ќе бидат дефинирани намените на објектите на градежните парцели и видот на обработката на земјоделските производи,во зависност од технолошкиот процес

6.7.2 Фекална канализација

Во границите на планскиот опфат на стопанскиот комплекс изведени се главни колектори: ф400 и ф 500 кој ги одведува отпадните води од градот Кочани кон реципиентот - Кочанска Река.
На западната страна од опфатот е планиран колектор ф300.
Низ планскиот опфат е изградена секундарна канализациона мрежа која се поврзува со главниот колектор,мрежата е изведена низ заштитниот појас на каналите.
Фекалните отпадни води пред да се испуштат во примарната канализациска мрежа ќе бидат подложени на третман во пречистителни станици поставени во границите на сопствените градежни парцели. Пречистителната станица може да биде за еден корисник или заедничка за повеќе корисници, врз основа на договор. Количината на отпадната вода и местоположбите на пречистителните станици ќе бидат дефинирани со урбанистички проект за инфраструктура доколку се зааеднички за повеќе корисници ,доколку се индивиндуални да бидат решени со ситуационо решение на Основниот проект во зависност од намените и технолошките процеси на објектите.
Веќе пречистени отпадните води ќе се испуштаат во најблискиот реципиент - Кочанска Река

6.7.3 Атмосферска канализација

Количината на атмосферската вода ќе биде дефинирана со основниот проект во зависност од степеност на изграденост со објекти..
Реципиент за атмосферските води ќе бидат земјените канали кои минуваат низ планскиот опфат.
Атмосферските води пред да бидат испуштени во реципиентот, да бидат третирани во маслофаќач.
Според добиениот податок од Општина Кочани е издадено Одобрение за градење за линиски инфраструктурен објект за одвојување на атмосферска од фекалана канализација,кој представува колектор за атмосферска канализација и истиот е предвидена да поминува низ дел од опфатот.

6.7.4 Електро-енергетска мрежа приклучоци

Инсталираната и едновремената електрична моќност како и потрошувачката на електрична енергија за корисниците од предметниот простор ќе се изврши според добиената согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија
Електро енергетската постојна мрежа е прикажана во графичкиот прилог доставен од ЕВН, прикажани во графичкиот прилог,според добиената информација од ЕВН бр.10-55/4-85 од 29.03.2021год ,во рамките на планскиот опфат изградено е следното:10(20))/0,4kv kv трафотаница, 10(20)kv подземна мрежа, 10(20)kv надземна мрежа, 0,4 kv подземна мрежа, и 0,4 kv надземна мрежа сите прикажани во графичкиот прилог.Во прилогот се доставени и планирани НН,СН мрежа и ТС
Според мрежните правила за изградба на енергетски мрежи предвидени се заштитни појаси на подземните постојни водови и на надземниот вод.На постојниот подземен вод од 10(20)kv е предвиден заштитен појас од 1м од осовината на водот ,и 10(20)kv надземна мрежа е предвиден зажтитен појас од 10м од осовината на водот
При премин на електричните водови преку мрежата за наводнување, задолжително да се водат во заштитна обвивка (цевка).
Јавно осветлување:
Се планира изградба на инсталација за осветлување со светилки поставени на метални столбови високи 10м на меѓусебно растојание од 35-40м.

6.7.5 Телекомуникациска мрежа

Водовите за телекомуникациска мрежа се преземени од добиените податоци од АЕК и Телеком и планирано е нивно продолжување по тротоарите на улиците на деловите каде што мрежата не е изведена.

6.7.6 . Топловодна инфраструктура

ЈПКД ВОДОВОД со допис број 11-13/30 од 22.04.2021 достави податок за изведена топловодна мрежа , прикажани во графичкиот прилог,односно цевковод за геотермална вода.
Оттаму се создаваат реални услови за искористување на постоечкиот геотермален систем за затоплување и на просториите од објектите. Кондиционирањето на амбиентниот воздух во просториите каде ќе се складираат земјоделските производи во зависност од потребите и видот на производот секој корисник ќе го решава индивидуално,врз основа на предходно барање од надлежно претпријатие.

6.8 Хортикултура и партер

На ниво на плански опфат предвидено е заштитно и сообраќајно зеленило чиј процент на учество заедно со заштитниот појас на каналите изнесува 22,04% од површината на планскиот опфат. Слободниот неизграден дел од градежните парцели се предвидува хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило и да се затревни. Минимален процент на озеленетост на секоја градежна парцела изнесува 20%.
Пешачките патеки во планскиот опфат се предвидува да се обработат со паверелементи

7. Мерки за заштита

Министерството за животна средина и просторно планирање со писмен допис бр. 11-1818/4 од 14.04.2021достави известување дека планскиот опфат е надвор од границите на заштитените подрачја на РСМ а притоа опфаќа дел од Кочанска река.Од тие причини треба да бидат исполнети следните критериумиз за заштита,одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:
1.Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците,езерата и акомулациите,забрането е освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци,односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци,во ширина од 50метри од лимијата на највисок утврден водостој.
2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци,езерата и акумулациите **се забранува** освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот
- да се градат напречни насипи,прегради,други објекти насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите
- да се сечат дрвја,грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците,езерата и акумулациите
- да се вади чакал,песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите
- да се изгради брана,насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот
- да се фрла отпаден материјал(комунален,индустрискии др.)земја,градежен шут,јаловина и слично
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците,езерата и акумулациите

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки,се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките
4.Да се изведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции
5.Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците,езерата и акумулациите за спорт,рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.
Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под

површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат врз режимот на водите

7.1. Заштита на животна средина и природата

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.
Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
Сите слободни површини од парцелите хорикултурно да се уредат со зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи
Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постави контејнер према видот на одпадот.

7.1.1. Заштита на почвата и подземните води

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води.
1. Заштита на проточните и подземните води има приоритет и со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата инејзиниот квалитет и др.)
2. Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.
3.Фекалните отпадни води пред да се испуштат во примарната канализациска мрежа ќе бидат подложени на третман во пречистителни станици поставени во границите на сопствените градежни парцели. Пречистителната станица може да биде за еден корисник или заедничка за повеќе корисници,
врз основа на договор.
4. Реципиент за атмосферските води ќе бидат земјените канали кои минуваат низ планскиот опфат. Атмосферските води пред да бидат испуштени во реципиентот, да бидат третирани во маслофаќач.
5. Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена

7.1.2 Заштита од бучава

Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина
Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности. Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

7.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10,18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и 152/20) и Законот за управување со кризи (Сл.весник на РМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.
Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија

7.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот на Кочани од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии, може да настане повредливост на просторот налокалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

7.2.2. Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот.

Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8_o по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско- технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбите да се градат според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

7.2.3. Мерки за заштита од пожар

Со изградба на соодветен број улични противпожарни улични хидранти се задоволуваат мерките на превентива и заштита во случај на пожар. Имајќи во предвид дека се работи за дел од блок, планирањето на уличната хидрантска мрежа е предмет на работа на комплетен блок, се остава можноста со изработка на проектна документација на ниво на цел опфат да се планира и распоред на улична хидрантска мрежа.

Останатите мерки за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација на објектите и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар.

При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство.

7.2.4. Мерки за заштита од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење
на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

При изработката на проектните документации за изградба на објектите, да се предвидат потребните технички мерки за заштита од поплави како што се :

Насипување на парцелите и нивно нивелирање со нивелетата на патот.

Поставување оградни зидови кои ќе спречат продор на поројни води во парцелите, како и други технички мерки по согледување на проектантите а во согласност со важечките технички прописи.

7.2.5. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

Составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање услови за непречено движење на лица со инвалидност. Мерките се однесуваат на уредувањето на градежно земјиште за општа употреба и условите за градење на градбите.

Во конкретниот случај теренот е релативно рамен со подолжен пад на улиците од 0,28 % до 1,43 %. Неопходно е да се усогласат влезовите во парцелите со нивелетата на тротоарите, и изведба на соборени
рабници при влезовите во парцелите ,како би се избегнало создавање на бариери за пристап на лица со инвалидност.

7.3 Мерки за заштита на културното наследство

Во рамките на планскиот опфат не се евидентирани заштитено добро,ниту добра за кои основано се предпоставува дека предтставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се наиде на археолошки артефакти,односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност , треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ број 20/2004, 71/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19). ,односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство.

8. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Основните параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ. 32/20) Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ. 225/20)

8.1 Плански опфат

Планскиот опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички План Вон Населено Место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи,м.в.,,ЌЕРАМИДНИЦА,,КО КОЧАНИ, за блок број 1, Општина Кочани е дефиниран со следните граници:

-од северната страна границата е по осовина на магистралниот пат М5 Штип-Делчево;од источната страна граница е по границата на блок1,,од јужната страна границата е по осовина на ,, Кочанска река,, и по катастарски парцели.,и профил на индустриска улица 1.,-од западнта страна границата е по ,,Железничка пруга,,

Планскиот опфат е со вкупна површина од 203821,22 м^2 односно 20,38 ха

8.2 Регулациона линија, граница на парцела, градежна парцела и градежна линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означени се регулационите линии кон улиците, со детално котирање на растојанија.

Граница на градежна парцела е линија на разграничување помеѓу две соседни градежни парцели односно линија на разграничување на носители на правото на градење.

Со градежните линии се дефинира просторната граница до која идната градба може да се гради и претставува граница на површината за градење во градежната парцела.

Во графичките прилози означени се градежните линии со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии.

Помошна градежна градежна линија ја означува денивелацијата или продор во рамките на површината за градење .

8.3 Наменска употреба на земјиште

Класата на намени е утврдена согласено со постоечкиот УПВНМ,Планската Програма и издадените Услови за планирање на просторот.

Применувањето на системот на класи на намени е според член 78, од Правилникот за урбанистичко планирање (сл.вес. 225/20).

Планираните градби се дефинирани со класата на намени:

- Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА со комплементарни,компатибилни и алтернативни намени според членовите 80;81 и 82 од Правилникот за урбанистичко планирање(.сл.Весник на РСМ 225/20

- Д2 ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО
- Е1 СООБРАЌАЈНИ,ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ
- Е3- СПЕЦИЈАЛНИ НЕКЛАСИФИКУВАНИ ИНФРАСТРУКТУРИ

  односно поединечна намена Е3.1 – Депонии и преработка на неопасен отпад: регионални и локални депонии заодлагање на неопасен отпад, постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад, неопасни јаловишта и пепелишта

8.3.1 Комплементарни компатибилни и алтернативни намени

Комплементарните, компитабилните и алтернативните класи на намени и процентот на нивно учество во основната класа на намени се дефинираат според чл.80 -84 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М.225/20).
Комплементарни намени се :
-Деловите од градежните парцели и градбите кои служат за внатрешен сообраќај ипаркирање.
-Зеленило и рекреативни намени
-Делови од парцели или градби неопходни за комуналната инфратструктура
-Други намени во функција на комплетирање, дополнување и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност и служат за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менуваат нејзиниот карактер.
Компатибилни класи на намени за Градбите со намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија се опредлуваат следните класи на намени:
Б1-мали единици за комерцијални и деловни дејности до 10%
Б4-деловни и комерцијални дејности до 10%
Г3-индустрија за склопување на финални производи,сервисни услуги и производство на енергја од обновливи извори до 10%
Г4-стоваришта,складови иотпади до 10%
Максималното учество на збирот на компатибилните намени изнесува 40% во однос на основната намена.

8.4 Површини за градење

Површината за градење е планска одредба со које се одредува површината од градежното земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба.
Површината за градење е ограничена со градежни линии.
Градежните парцели на кои се планираат повеќе градби, или на кои (заради големина на парцелата или потреби на Инвеститор кои уште не дефинирани) заради флексибилност на планот се одредува поголема рамковна површина за градење и се одредува процент на изграденост на земјиштето како квантитативно ограничување на површината за градење .

Дозволени пречекорувања на градежната линија:

Градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.
Дозволено е пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика,кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м.
Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела не може да има пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид издадени архитектонски елементи и делови од градба.
Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м
Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања на градежната линија се:
1. првиот скалник од влезните партии до 30 см, ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м,
2. првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25 м,
3. второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12,00 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина за улични коридори пошироки од 12,00м,
4. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,
5. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,

6. третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбата оваа пластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м.
Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика се определува на 50%
Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања, доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00 м пречекорувањата не се дозволени.
За дозволени пречекорувања на градежната линија што не се уредуваат со посебни плански одредби се сметаат сите инсталации за вертикална комуникација, технички инсталации и слично, што по правило се градат од монтажни метални конструкции, како што се:
1. надворешни лифтови,
2. противпожарни и други нужни скали и инсталации за вертикална комуникација,
3. канали и оџаци,
4. системи за пасивно и активно производство на енергија – кровни соларни панели, фотоволтаични панели и слични,
5. телекомуникациски антени и инсталации,
6. други техничко-технолошки уреди и инсталации,
7. украсни архитектонски елементи и конструкции што го оформуваат архитектонскот израз, а кои можат да имаат и функционална улога како што се брисолеи и дуги елементи и конструкции.
Дозволените пречекорувања на градежната линија во проектната документација во процесот на спроведување на планот, да се обезбеди пречекорувањата да немаат негативно влијание на соседните парцели.

8.5 Височина на градбите

Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.
Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот на улицата и завршниот венец на градбата во должни метри.
Дозволената максимална висина на градбите се дефинира во зависност од намената и истата е дадена детално за секоја парцела со Посебните услови за градба .

Висина на слеме

Височината на слеме на кровот на градбата е се мери од котата на горниот венец на градбата и ја претставува висината на кровната конструкција на покривот. Максималниот агол на косина на кровот изнесува 35 степени.

8.5.1 Кота на нулта плоча

Котата на нулта плоча на приземјето се дефинира со максималната висина 1,1м од кота на тротоар при влез на градежната парцела и не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

8.6 Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежната парцела изразен во процент.

8.7 Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планирана површина по катови , односно збирот на површините на сите изградени надземни спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица.

8.8 Сообраќај

Пристапот до градежните парцели е обезбеден од постоечките и планирани улици од уличната мрежа во планскиот опфат.

8.9 Паркирање

Потребата од паркинг простор се решава во рамките на градежните парцели. Потребен број на паркинг места се утврдува согласно со чл.134 и 135 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ. 225/20).

За намена Г :

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на спроведувањето на урбанистички план, со проектната документација во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен,индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

За намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

За намена Б4 –Деловни дејности: 1 паркинг место на 8 вработени во смена

Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,50/5,50м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина,и согласно условите за движење на лица со намалена мобилност и инвалидност од овој план.

8.10 Услови за движење на лица со намалена мобилност и инвалидност.

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат одредбите од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ.225/20).

Мерките за пристапност и проодност, како и за надминувањето на урбаните бариери,на овој урбанистички план се однесуваат на:

1. јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба од групите на класи на намени Д и Е,
2 градби за комерцијални намени од групите на класи на намени Б која е компатибилна намена на основната доколку е планирана со проектната документација.

Создавање услови за непречено движење на лица со инвалидност.

Неопходно е да се усогласат влезовите во парцелите со нивелетата на тротоарите, и изведба на соборени рабници при влезовите во парцелите ,како би се избегнало создавање на бариери за пристап на лица со инвалидност.

Општи правила за пристапност кон градбите:

Градбите за јавна употреба (сообраќајници,тротоари,јавно зеленило и слично) треба да се планираат со кота на нултата плоча или со кота на влезните партии што е еднаква со нивелетата на пристапните тротоари и пешачки површини, а доколку денивелациите се неизбежни тогаш да се обезбедат средства за непречена пристапност, како што се рампи,платформи, ескалатори и сл. Треба да се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири.Минимална широчина на рампите од став на овој член треба да изнесува 1,20м.

Тротоари и пешачки површини:

Површините за движење на пешаците и тоа: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади, плоштатки и сите други видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба, освен ако тоа не е неизбежно поради околностите на теренот, не треба да имаат денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што може да ја попречи или намали пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба

При изведба на тротоарите и пешачките површини да се совладаат и отстранат сите постојни денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што ја попречуваат или намалуваат пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба на тротоарите, пешачките улици, пешачките патеки, плоштадите, плоштатките и сите други видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба.

Да не се поставува масивна урбана опрема, сезонска угостителска опрема, какви било прегради, конструкции, платформи, надградени денивелирани подови, скали, конструкции за наткриени тераси од угостителски намени, паркинг места или други опреми, инсталации, предмети или градби

што ќе претставуваат архитектонски и урбани бариери за движење на лицата со инвалидност и намалена подвижност, и што ќе го стеснуваат пропишаниот слободен профил за движење на тротоарот.
Површините за движење на пешаците каде што теренот е во наклон треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со препорачан подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи со подолжен наклон најмногу до 8,33% или во однос 1:12.
Јавните пешачки површини со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со најголем подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи до 8,33% или во однос 1:12,која се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м.
Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9,00 м,
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12,00 м, и
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15,00 м.
Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите од погоре одредените, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50 м, а оптимална должина треба да е 1,80 м.
Најголем попречен наклон на тротоарите и другите пешачи патеки што е нормален на смерот на движењето и оската на патеката изнесува 2%
Треба да се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.
Рампите за совладување на висинската разлика помеѓу тротоарот и коловозот по правило се изведуваат со специјални закосени елементи од рабниците кои се изведуваат без вертикална денивелација до нивото на коловозот и во широчина на целиот пешачки премин.
Најголемиот наклон на ваквата рампа е 8,33% или во однос 1:12, а доколку е тоа технички неизведливо по исклучок наклонот може да е најмногу до 10%или во однос 1:10.
Во коридорот на основните пешачки движења (кој за најмалата широчина на тротоар или пешачка патека изнесува 90см + 75см = 165 см) не можат да се поставуваат елементи од урбана опрема или други подвижни препреки или сезонска опрема, како што се рекламни панои, угостителска опрема и слично.
Делови од градбите што се непосредно долж тротоарите и пешачките патеки, како што се надстреи, конзоли, инсталации, опрема и слично, како и елементите од урбаната опрема и долните делови од крошната на дрвјата мораат да бидат издигнати најмалку 2,50м во однос на котата на пешачката површина, колку што изнесува висината на пешачкиот просторен модул.
Задолжително се предвидуваат специјално димензионирани и обележани паркинг места за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност,кои треба да ги исполнат следните услови:
1. најмалата дозволена димензија на местото да е 3,70 / 5,00 м,
2. доколку паркиралиштето не е изведено во исто ниво со тротоарот или со пристапната пешачка патека до него, тогаш излезот од паркиралиштето се обезбедува со пешачка патека или рампа со наклон не поголем од 5%, а во исклучителни случаи со максимален наклон до 8,33% и минимална широчина од 1,40 м,
3. паркинг местата се поставуваат најблиску до влезовите на блиските градби или до вертикалните комуникации,
4. паркинг местото мора секогаш да биде планирано, проектирано и изведено во хоризонтална нивелета, а никогаш во правецот на подолжниот нагиб,
5. паркинг местото може да има попречен нагиб од најмногу 2%.

8.11 Зеленило

Во рамките на планскиот опфат со вкупна површина од 203821м^2 има јавно зеленило (заштитно и сообраќајно зеленило со површина од 27711 м^2,заштитен појас на канали со површина од 17200 м^{2}со што површината на јавното зеленило изнесува 44911 м^2 што представува 22% јавно зеленило.Голем дел од површините во планскиот опфат се инфраструктура ,заштитни појаси,реки и слично со што површината за градење со намена Г2 Лесна преработувачка и помалку

загадувачка индустрија изнесува вкупно 104703м $м^2$,со што процентот на изграденост на ниво на опфат е низок.Имајќи ги во предвид наведените податоци за планскиот опфат се определува процент на озеленетост од 42% што представува збир од 22% јавно зеленило и 20% приватно зеленило во рамките на градежните парцели.
Во секоја градежна парцела треба да се обезбеди најмалку 20% простор за зеленило.
На градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина од 20% , се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади.
Слободниот неизграден дел од градежните парцели се предвидува да се затревни и хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило.

8.12 Водовод и канализација

При изработка на Основните проекти за градбите, задолжително да се почитуваат прописите за проектирање и градење, и техничките стандарди за ваков вид инсталации. Снабдувањето со вода и одведувањето на фекалните и отпадните води ќе се врши од изведените и планирани инсталациони водови по профилите на улиците,врз основа на предходно прибавени услови за приклучок од надлежно претпријатие.

8.13 Електрична мрежа

Приклучоците на електричната мрежа на новите градби да се изведат во согласност со условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, и според техничките прописи за ваков вид на инсталација.

8.14 Елементи за обликување на градбите

Предвидените градби да бидат проектирани со современи градежни материјали, во согласност со функцијата и важечките технички стандарди и нормативи.
Партерните површини завршно да бидат обработени со материјали кои обезбедуваат едноставно чистење, одводнување и одржување хигиена.

8.15 Заштита на културно наследство

Доколку во текот на изведувањето на градежни работи на локацијата се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, ќе се постапува според чл. 65 од Законот за културното наследство (Сл. весник на РМ br.20/04, br.115/07, br.18/11,br.148/11, br.23/13, br.137/13, br.38/14 i br.44/14),односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

8.16 Заштита и спасување

Да се почитуваат мерките за заштита и спасување, и при изработката на основниот проект, да се почитува важечката законска регулатива и планско оперативните документи и планот за заштита и спасување на општината.

8.17 Заштита на Кочанска река

1.Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците,езерата и акомулациите,забрането е освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци,односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци,во ширина од 50метри од лимијата на највисок утврден водостој.
2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци,езерата и акумулациите **се забранува** освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот
- да се градат напречни насипи,прегради,други објекти насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите
- да се сечат дрвја,грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците,езерата и акумулациите
- да се вади чакал,песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите

- да се изгради брана,насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот
- да се фрла отпаден материјал(комунален,индустрискии др.)земја,градежен шут,јаловина и слично
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците,езерата и акумулациите

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки,се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките
4.Да се изведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции
5.Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците,езерата и акумулациите за спорт,рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат врз режимот на водите

Одредби за спроведување на планот: *Согласно член 46 став (1)од Правилникот за урбанистичко планирање (.сл.Весник на РСМ 225/20) УПВНМ се спроведува директно со проектна документација и акти за градење,но може да се спроведува и во две фази кога тоа е потребно или кога е уредено со урбанистичкиот план:првин со урбанистички проект,а потоа со проектна документација и издавање на акт за градење согласно Законот за градење.*

Спроведувањето на планот е определено за секоја градежна парцела поединечно прикажано во посебните услови за изградба во зависност од изграденоста и сложеноста ,во принцип градежните парцели кои се изградени со објекти ќе се спроведуваат во една фаза.

Доколку градежната парцела со основниот проект при спроведување во една фаза се релизира како комплекс на градби согласно член 102 став 7 од Правилникот за урбанистичко планирање (.сл.Весник на РСМ 225/20),градежната парцела да се разработи со урбанистички проект,доградбите и надградбите на постојните објекти не се смета за комплексна градба

9. Посебни услови за изградба

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

ПОЕДИНЕЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА СЕКОЈА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.1:

Основна класа на намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

со компатибилни намени

Б1- 10%,Б4 -10%, Г3 - 10%,Г4 - 10%, , со максимум 40%учество на збирот на компатибилните класи во однос на основната класа на намена

Зеленило: Зеленило се предвидува во склоп на градежната парцела. Процентот на озеленост во рамките на градежните парцели потребно е да изнесува минимум од 20%,согласно општите услови за зеленило

Површината на градежна парцела 12918,56 м^2

Површината за градба 9994 м^2

Бруто развиена површината за градба 14991 м^2

Процент на изграденост 77 %

Коефициент на искористеност 1,2

Максимална висина на градење до венец 12,м

Максимален број на спратови П+1

Максимална висина од венец до слеме 4.5м

Максимален наклон на кров 45^0

Максимална висина на нултата точка на приземје од кота на тротоар 1,1м

Потребен број на паркинг места:

Паркирање: Паркирање: Паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитување на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

За намена Г :

За намена Г :

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на спроведувањето на урбанистичкиот план со проектна документација, во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

За намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

За намена Б4 –Деловни дејности: 1 паркинг место на 8 вработени во смена

Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,70/5, 0м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина, и согласно условите за движење на лица со намалена мобилност и инвалидност од овој план.

Собраќаен пристап од : од индустриска улица,,1,, и индустриска улица,,2,,

Котата на нулта плоча на приземје: се дефинира со максималната висина 1,1м од кота на тротоар при влез на градежната парцела и не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

Понатамошна разработка : со урбанистички проект

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.2 :

Основна класа на намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

со компатибилни намени

Б1- 10%,Б4 -10%, Г3 - 10%,Г4 - 10%, , со максимум 40%учество на збирот на компатибилните класи во однос на основната класа на намена

Зеленило: Зеленило се предвидува во склоп на градежната парцела. Процентот на озеленост во рамките на градежните парцели потребно е да изнесува минимум од 20%,согласно општите услови за зеленило

Површината на градежна парцела 6872,11 м^2

Површината за градба 4774 м^2

Бруто развиена површината за градба 7161 м^2

Процент на изграденост 69 %

Коефициент на искористеност 1,0

Максимална висина на градење до венец 12,м

Максимален број на спратови П+1

Максимална висина од венец до слеме 4.5м

Максимален наклон на кров 45^0

Максимална висина на нултата точка на приземје од кота на тротоар 1,1м

Потребен број на паркинг места:

Паркирање: Паркирање: Паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитување на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

За намена Г :

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на спроведувањето на урбанистичкиот план со проектна документација, во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

За намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

За намена Б4 –Деловни дејности: 1 паркинг место на 8 вработени во смена

Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,70/5,0м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина, и согласно условите за движење на лица со намалена мобилност и инвалидност од овој план.

Собраќаен пристап од : од индустриска улица,,2,,

Котата на нулта плоча на приземје: се дефинира со максималната висина 1,1м од кота на тротоар при влез на градежната парцела и не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

Понатамошна разработка : со проектна документација и акт за градење

Доколку градежната парцела со основниот проект при спроведување се релизира како комплекс на градби ,градежната парцела да се разработи со урбанистички проект, доградбите и надградбите на постојните објекти не се смета за комплексна градба

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.3 :

Основна класа на намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

со компатибилни намени

Б1- 10%,Б4 -10%, Г3 - 10%,Г4 - 10%, , со максимум 40%учество на збирот на компатибилните класи во однос на основната класа на намена

Зеленило: Зеленило се предвидува во склоп на градежната парцела. Процентот на озеленост во рамките на градежните парцели потребно е да изнесува минимум од 20%,согласно општите услови за зеленило

Површината на градежна парцела 9844,63 м^2

Површината за градба 7647 м^2

Бруто развиена површината за градба 11471 м^2

Процент на изграденост 78 %

Коефициент на искористеност 1,2

Максимална висина на градење до венец 12,м

Максимален број на спратови П+1

Максимална висина од венец до слеме 4.5м

Максимален наклон на кров 45^0

Максимална висина на нултата точка на приземје од кота на тротоар 1,1м

Потребен број на паркинг места:

Паркирање: Паркирање: Паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитување на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

За намена Г :

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на спроведувањето на урбанистичкиот план со проектна документација, во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

За намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

За намена Б4 –Деловни дејности: 1 паркинг место на 8 вработени во смена

Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,70/5,0м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина, и согласно условите за движење на лица со намалена мобилност и инвалидност од овој план.

Собраќаен пристап од : од индустриска улица,,2,,

Котата на нулта плоча на приземје: се дефинира со максималната висина 1,1м од кота на тротоар при влез на градежната парцела и не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

Понатамошна разработка : со урбанистички проект

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.4 :

Основна класа на намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

со компатибилни намени

Б1- 10%,Б4 -10%, Г3 - 10%,Г4 - 10%, , со максимум 40%учество на збирот на компатибилните класи во однос на основната класа на намена

Зеленило: Зеленило се предвидува во склоп на градежната парцела. Процентот на озеленост во рамките на градежните парцели потребно е да изнесува минимум од 20%,согласно општите услови за зеленило

Површината на градежна парцела 11404,33 м^2

Површината за градба 7546 м^2

Бруто развиена површината за градба 11319 м^2

Процент на изграденост 66 %

Коефициент на искористеност 1,0

Максимална висина на градење до венец 12,м

Максимален број на спратови П+1

Максимална висина од венец до слеме 4.5м

Максимален наклон на кров 45^0

Максимална висина на нултата точка на приземје од кота на тротоар 1,1м

Потребен број на паркинг места:

Паркирање: Паркирање: Паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитување на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

За намена Г :

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на спроведувањето на урбанистичкиот план со проектна документација, во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

За намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

За намена Б4 –Деловни дејности: 1 паркинг место на 8 вработени во смена

Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,70/5,0м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина, и согласно условите за движење на лица со намалена мобилност и инвалидност од овој план.

Собраќаен пристап од : од индустриска улица,,2,,

Котата на нулта плоча на приземје: се дефинира со максималната висина 1,1м од кота на тротоар при влез на градежната парцела и не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

Понатамошна разработка : со урбанистички проект

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.5 :

Основна класа на намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

со компатибилни намени

Б1- 10%,Б4 -10%, Г3 - 10%,Г4 - 10%, , со максимум 40%учество на збирот на компатибилните класи во однос на основната класа на намена

Зеленило: Зеленило се предвидува во склоп на градежната парцела. Процентот на озеленост во рамките на градежните парцели потребно е да изнесува минимум од 20%,согласно општите услови за зеленило

Површината на градежна парцела 21032,25 м^2

Површината за градба 15776 м^2

Бруто развиена површината за градба 23664 м^2

Процент на изграденост 75 %

Коефициент на искористеност 1,1

Максимална висина на градење до венец 12,м

Максимален број на спратови П+1

Максимална висина од венец до слеме 4.5м

Максимален наклон на кров 45^0

Максимална висина на нултата точка на приземје од кота на тротоар 1,1м

Потребен број на паркинг места:

Паркирање: Паркирање: Паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитување на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

За намена Г :

Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на спроведувањето на урбанистичкиот план со проектна документација, во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

За намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

За намена Б4 –Деловни дејности: 1 паркинг место на 8 вработени во смена

Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,70/5,0м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина, и согласно условите за движење на лица со намалена мобилност и инвалидност од овој план.

Собраќаен пристап од : од индустриска улица,,1,,

Котата на нулта плоча на приземје: се дефинира со максималната висина 1,1м од кота на тротоар при влез на градежната парцела и не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

Понатамошна разработка : со урбанистички проект

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.6 :

Основна класа на намена Е3 - СПЕЦИЈАЛНИ НЕКЛАСИФИКУВАНИ ИНФРАСТРУКТУРИ

односно поединечна намена Е3.1 – Депонии и преработка на неопасен отпад: регионални и локални депонии заодлагање на неопасен отпад, постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад, неопасни јаловишта и пепелишта

нема компатибилни намени

